# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на18 јули 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илија Ѓорѓиев, Благој Ханџиски, Илија Илоски и Благој Стојковски ме известија дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 71 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања, според редоследот на пратениците пријавени од Четириесет и седмата седница ва Собранието на Република Македонија.

Збор има господинот пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Првото прашање го упатувам до Министерството за сообраќај и врски, а се однесува во врска со најлошиот пат на Балканот од Жировница до Дебар. Не дека само патот како асфалтен е многу лош, но и структурата на патот е таква, бидејќи се наоѓа на лизгав терен и секој ден паѓаат камења, особено кога има невреме и многу пати возилата се наоѓаат во големи ризици. До сега среќа немаме некој поголем инцидент, меѓутоа тоа не значи дека можеби утре ако не интервенираме да го решиме овој проблем ќе зборуваме во ова Собрание за поголеми последици.

Јас исто така го имам проучено и Просторниот план, кој треба да биде донесен во Собранието и тука не гледам дека е дадено некое решение што се однесува до проширување на патот од Маврово до Дебар или од Жировница до Дебар, знаејќи дека дебарскиот крај, крајот на Река е еден од нај сиромашните и нај запоставените краеви во Република Македонија.

Земајќи во предвид дека сега почна да се имплементира и Договорот, Меѓудржавниот договор со Република Албанија за пограничните зони, сметаме дека единствен спас за тој регион, за тоа подрачје е подобрување на инфраструктурата. Значи, ако имаме повеќе приоди и поминувања на стоки и луѓе во таа гранична зона, би требало да имаме и инфраструктурна поддршка, а тоа може да се направи само преку проширување на патот и тие ризични зони да се поправат.

Јас апелирам и како пратеничко прашање, упатувам до Министерството за сообраќај и врски, а може и до Министерството за урбанизам и градежништво да ми одговорат што планираат да направат за патот од Жировница до Дебар, за проширување и санирање на ризичните подрачја, бидејќи мислам дека тоа е единствениот спас од економски аспект гледано за регионот на Дебар и Река.

Второто прашање го упатувам до Министерството за внатрешни работи.

Во дебарско, можеби повеќе од осум месеци формално не се прават венчавки, затоа што има проблем меѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда за ингеренциите на матичарот, како и Советот на општина Дебар. Повеќе од осум месеци ова прашање не е решено, што значи младите брачни парови од Дебар не можат да склучуваат бракови поради спор меѓу Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда и Советот на општина Дебар.

Јас сакам да го прашам Министерството за внатрешни работи, Владата на каков начин имаат намера да го решат овој спор.

Имам уште две прашања на кои не барам усмен одговор, туку барам писмен одговор.

Едното прашање е во врска со селата Отишани и Џепиште, кои веќе две години уште се без вода. Што планира

Министерството за урбанизам и градежништво, што се однесува до обезбедување со вода за пиење на селата Џепиште и Отишани.

Другото прашање го упатувам до Владата и тоа барам писмен одговор.

Знаете дека во Дебар има фабрика за гипс и селото Долно Косоврасти, кое се наоѓа близу до ископот на рудата. Од големите минирања на теренот има многу оштетени куќи во селото Долно Косоврасти.

Дали може Владата, дотичното Министерство да испрати инспекција, или да формира некоја комисија за да проверат на терен каква е ситуацијата во Долно Косоврасти и колку се оштетени куќите од секојдневните минирања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Замир Дика.

Првото прашање е упатено до Министерството за сообраќај и врски во врска со проширување на патот Жировница - Дебар.

Го молам заменикот министер на Министерството за сообраќај и врски да одговори.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ:**

Проблемите што ги изнесе пратеникот се присутни и јас морам да го разочарам затоа што оваа година во програмата за работа на Фондот не се предвидени средства за проширување на оваа делница. Се работи за делницата Жировница Дебар, каде се предвидени средства само за евентуално асфалтирање и разни поправки, а не и проширување. Бидејќи се работи за тежок терен од една страна, а од друга страна за конфигурација за која е потребен поголем фонд на средства.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на коментарот по овој одговор.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас знам какви средства се планирани оваа година за таа делница и знам дека нема средства за проширување. Знам дека тој проект чини многу, но јас барам писмен проект за тоа што намерава ова Министерство за наредните пет години, на каков начин мисли да ја санира оваа ситуација.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ:**

Ако бара писмен одговор ќе добие писмен одговор, а за проект не знам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, значи писмен одговор ќе добиете.

Второто прашање го упативте до Министерството за внатрешни работи, а од Министерството за внатрешни работи не гледам претставник овде, поради што прашањето ќе биде упатено по писмен пат и одговорот ќе го добиете во писмена форма.

Исто така и за другите две прашања барате одговор во писмена форма.

Има збор господинот пратеник Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Првото прашање е до министерот за урбанизам. Прашањето гласи - Општината Чегране заедно со село Форино, има 13 илјади жители, кои на жалост сеуште се снабдуваат со нечиста вода, единствено големо населено место што нема водоводна мрежа, така што луѓето се снабдуваат со вода од подземните води, кои биолошки и хемиски се доста нечисти и загадени. Пред три години беше ставено во програма водовод за Чегране и Форино и беа пуштени и предвидени средства во износ од 260 илјади германски марки. Потоа, после промените, две години по ред воопшто не беа предвидени средства за да се продолжи изградбата на овој витален објект, така што практично досега изведените работи на тој објект пропаѓаат, или на диво настојуваат да се гради. После две години, само заради формално покритие се пуштаат симболични, смешни средства, во износ од 15 илјади германски марки, колку јас имам информации, така што е апсурдно толку неодговорно да се постапува за таков витален и егзистенцијален проблем на граѓаните од Чегране и Форино.

Прашањето е што презема Министерството за урбанизам за санирање на оваа состојба, а истовремено и едно потпрашање во рамките ова, за време на бегалската криза почна да се гради канализациона мрежа во Чегране и беа изградени само околу 400 метри. Потоа, според кажувањата на тие што беа заинтересирани за инвестирање, тоа беше едно хуманитарно меѓународно друштво дека имале пречки од страна на Владата.

Второто прашање е до министерот за правда.

Издавање на матични документи, дури и наједноставните документи е голем

проблем за граѓаните, така што тие се принудени неколку дена да чекаат за наједноставен матичен документ, како што е извод од матична книга на родените, или нешто слично.

Тука имаме и една апсурдна состојба која може само со една техничка интервенција да се реши. Имено, на пример лицето е родено во Гевгелија, а живее или е омажено во Тетово или Гостивар или Куманово, или било каде, за еден едноставен документ тоа мора да патува 200 км., за да дојде до тој документ. Едноставно во сите држави тоа е во еден компјутерски систем и јас мислам дека нашата држава не е сиромашна за 100 компјутери. Што се презема за ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Мерсел Билали.

Неговото прашање беше упатено до Министерството за урбанизам и градежништво.

Господинот Кадиевски е тука, ве молам за одговор ако може.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Средствата предвидени за изградба на водовод во Чегране и Форино се средства кои треба да ги обезбеди локалната самоуправа. Ние како Влада или како Министерство за урбанизам и градежништво единствено учествуваме со средства кои служат како помош при изведбата на ваков тип на водовод, тоа се навистина симболични средства, во случајот околу 500 илјади за Чегране и Форино, меѓутоа ние како Министерство за време на бегалската криза, а и после тоа разговаравме со ЈНДП и со УНХЦР за обезбедување на средства за комплетна изградба на овој водовод. Се надевам дека позитивно ќе се завршат преговорите затоа што како пример Неготино - Полошко на исто таков начин се гради водоводот. Тоа е ветување од страна на ЈНДП и УНХЦР, дека и за тој локалитет каде што беа сместени бегалците ќе се обезбедат средства за комплетна изградба на водоводот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам господине Мерсел Билали дали сте задоволни од одговорот?

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Јас немам информации дали тука е вклучен и министерот за развој. До сега немам слушнато дека локалната самоуправа може да обезбеди средства за така голем и скапоцен објект, од причина што знаеме колкави се буџетите на локалната самоуправа. Сите ние сме информирани дека голем број на водоводни објекти се изградени првенствено со интервенција од Владата, Министерството за развој, компензационен фонд, ФАРЕ итн. Затоа јас поставувам прашање и до министерот за развој, а во тие рамки и до Агенцијата за недоволно развиените краишта, зошто го игнорираат овој објект.

Инаку делимично сум задоволен од одговорот.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Владата и Министерството финансираат или градат регионални водоводни системи, системи кои се однесуваат на еден регион, што се однесува до општински водоводи или канализации, тоа навистина е надлежност на локалната самоуправа и вистина е како што тврди господинот пратеник, дека тоа е многу тешко изводливо. Меѓутоа, се снаоѓаме на разно разни начини. Тука може да се додадат средства и од компензациониот фонд со кој располага Министерството за развој.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Значи министерот ветува дека ќе пушта пари.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Да, да, не е заборавено Чегране и Форино.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Билали дали сте задоволни од одговорот?

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање го упативте до министерот за правда во врска со матичните документи и начинот на издавање на матичните документи.

Го молам господинот Џевдет Насуфи, министер за правда да одговори на поставеното прашање.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Прашањето заслужува да биде разгледано од сите аспекти. Очигледно е дека во земјата имаме проблеми од ваква природа, меѓутоа имајќи ги во предвид нашите околности и финансиски и технички, чиниме напори тоа да го средиме, меѓутоа за случајов сепак јас мислам дека ќе треба посеопфатна анализа, па затоа писмено ќе му одговориме на пратеникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи ќе добиете посебна анализа и во писмена форма одговори.

Дали сте задоволни?

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Па, би требало.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе. Почитувани членови на Влада, почитувани колеги.

Моето прво прашање е до Министерството за животна средина. Имено, јас сум пратеник кој доаѓа од Охрид и тоа од 48 изборна единица во која се наоѓа и населбата "Воска". Низ населбата "Воска" минува реката Грашница, која претставува жива депонија во ова подрачје и извор на зараза. Исто така реката Грашница е еден од најголемите загадувачи на Охридското Езеро. Овој проблем претставува долгогодишен проблем за Охрид, а посебно за жителите на "Воска".

До сега на овие луѓе им е ветувано од разни бивши функционери како пратеници, така и градоначалници дека прво во Охрид ќе биде решен овој проблем, но за жал досега ништо од ова не е сторено. Имајќи ги во предвид сите досегашни активности на Министерството за животна средина лоцирани на подрачјето на Охрид и Охридското Езеро, кои што ги оценувам како многу позитивни до сега, барам од ова Министерство не само информација, туку и брза и конкретна активност, како би се решил овој проблем и тоа што поскоро.

Второто прашање е до Министерството за здравство. Во Охрид постои Здравствен дом изграден во првата половина на минатиот век, во народот популарно наречен "маларична". Моменталната состојба на овој Здравствен дом е во фаза на распаѓање, а е лоциран во најтесното централно градско подрачје. Условите за работа на Здравствените работници во оваа установа се катастрофално лоши и се далеку од она што се вика стандард. Не се ни супстандард во здравството во Македонија. Иако стручноста на медицинскиот персонал е на највисоко ниво заради руинираноста на објектот пациентите не можат да добијат соодветна здравствена заштита. За изградба на нов здравствен дом на постојната локација постоеја некои планови или иницијативи, но од тоа до сега нема ништо. Моето прашање гласи: Што прави Министерството за здравство, конечно да го реши овој голем и горлив проблем на град Охрид, како охриѓани би можеле да се лечат не во установа изградена пред повеќе од 50 години туку во модерна поликлиника.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Томислав Петровски.

Првото прашање тој го упати до Министерството за животна средина. Јас не гледам претставник на тоа министерство, па според тоа господине пратеник прашањето ќе го упатиме во писмена форма и одговорот ќе го добиете во писмена форма.

Второто прашање го упативте до Министерството за здравство, министерот за здравство, господинот Драган Даниловски е присутен, ако е можно да одговори.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Проблемот со поликлиниката во Охрид, популарно наречена "маларична" до крајот на 40-тите години во неа се лекувале заболените од маларија...

И нешто што одамна требаше да се реши е нешто што претставува стратешки интерес пред се за Охрид, жителите на Охрид, туристите во Охрид и ако сакате значи многу за рејтингот на Република Македонија. Направен е идеен проект, тој идеен проект одамна требаше да резултира со тендер на кој што ќе се јават понудувачи од кои што би се одбрал најповолен изведувач. Меѓутоа, постоеја одредени така да речам дисонантни тонови, одредени недоразбирања околу локацијата. Инаку патем да речам нашата заложба беше локацијата да биде истата онаа на која што сега се наоѓа постојниот објект, ако сакате малку и заради традицијата која што е всадена во менталитетот на луѓето и заради извонредната положба на која што се наоѓа сегашниот објект.

Колку што сум информиран конечно недоразбирањата се надминати и исто така колку што сум информиран, не ме фаќајте за збор, официјално не сум информиран за тоа, наводно и Советот во Охрид конечно го благословил проектот, решението и сега би требало понатаму да тече процедурата на тендер и избор на најповолен понудувач за изведување. Карактеристично е дека во финансиската конструкција која што е некаде околу 4-5 милиони марки, Министерството за здравство не ќе треба да даде ниту денар. Тоа е така некако изведено на некој начин да се само

финансира, заради тоа што ќе бидат изградени некакви попатни објекти, па од нивната продажба ќе се обезбедат средства и за маларичност. Јас тоа сакам да го кажам, освен ако колегата пратеник инсистира на попрецизни детали, во тој случај ако е така, можеме и писмено да му одговориме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за здравство, г-динот Драган Даниловски.

Дали г-динот пратеник Томислав Петровски е задоволен од одговорот?

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Одговорот е исцрпен и му благодарам на министерот. Конечно ме радува дека ќе почне да се гради "маларичната".

Но, за секој случај може и писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Благодарам г-дине претседателе, иако помина доста време од кога ние сме пријавени за пратенички прашања, можеби некое од нашите прашања се дури и апсолвирани, меѓутоа јас ќе ги поставам. Имам само две прашања.

Поставувам прашање до министерот за правда, а можат да се вклучат и другите министерства во Владата, бидејќи се работи за целите и процесот на реформите во јавната и државната администрација што денес го имаме на дневен ред. Имено, дали во стратегијата за реформи на државната и јавната администрација што е усвоено од Владата, дали се предвидува сегашните надлежности на подрачните единици на министерствата на некој начин да се дадат во надлежност на единиците на локалната самоуправа било како изворни надлежности и таму каде Уставот допушта било како пренесени јавни овластувања. Да не наведувам примери, нај еклатантен пример е состојбата во месните канцеларии, матичните служби. Тие се сега во ужасна состојба би рекол и никој за нив не се грижи од граѓанинот првиот контакт со државата од раѓање, личен развој па се до умирање го има баш со тие канцеларии. Според тоа сметам дека крајно време е таквите месни канцеларии и другите канцеларии на подрачните единици што побрзо да им се дадат на локалната самоуправа, а надзорот нека го задржи и државата. Не сакам да бидам погрешно сфатен, но кога сум тука морам да кажам и еден конкретен пример. Што се однесува до некои месни канцеларии во Струга и околината, а посебно во три општини каде што мнозинскиот, а да не речам дури и стопроцентниот состав на тоа население е од албанска националност, а во сите тие три месни канцеларии, шефовите на тие месни канцеларии се од македонска националност, кои што воопшто незнаат да комуницираат со населението кое што е чисто албанско, а кога се знае дека од самото раѓање до умирање првите контакти луѓето ги имаат со тие месни канцеларии. Инаку сакам да истакнам дека доста деформации се појавуваат барем при запишување на таквите новороденчиња во нивните имиња и т.н.

Второто прашање, исто така го поставувам до Министерството за внатрешни работи, а тоа се однесува на следното. Случај е во секојдневието возачкиот испит од сите категории во Македонија да се полага единствено на македонски јазик . Кога се знае дека во доста земји во Западна Европа и денеска имаме такви примери каде што се знае кој е службен државен јазик, меѓутоа се допушта самите пријавени за полагање на возачки испит, возачкиот испит да го полагаат на свој мајчин јазик, што подобро да го подготват и за да ја познаваат сообраќајната култура во секојдневниот живот. Барам од Министерството за внатрешни работи да ми објасни, тоа мене не ми е познато, во чија законска регулатива тоа е така регулирано и дали постои таква можност припадниците на другите националности на Македонија, било од албанска, турска, или другите да полагаат на свој мајчин јазик, кога се знае дека тоа е во интерес на познавањето на сообраќајната култура.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Алириза Лога.

Тој првото прашање го упати до министерот за правда.

Го молам г-динот министер да одговори на прашањето.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Јас мислам дека процесот на реформи на јавната администрација е процес кој во себе ги вклучува целокупните сегменти на таа администрација, вклучувајќи ги тука и месните канцеларии, вклучувајќи ја локалната самоуправа, па и подрачните единици како сегмент на централната власт. Мислам дека со процесот на реформите во кои сигурно влегува и

децентрализацијата на власта, односно деконцентрацијата на надлежностите и во тој процес во однос централна и локална власт, локална власт како веќе четврта власт во земјата, ќе бидат решени и овие прашања кои ги постави пратеникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Лога дали сте задоволен од одговорот.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Добро, да се надеваме дека тоа така ќе биде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше упатено до Министерството за внатрешни работи.

Г-динот заменик министер е тука.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ:**

Писмено ќе ги информираме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во писмена форма ќе добиете одговор.

Има збор пратеникот Назми Кадриу.

**НАЗМИ КАДРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада, моето прашање се однесува до Министерството за образование.

Околу 250 ученици од село Долно Количани секој ден патуваат по 30 километри за да стигнат до Основното училиште "Тефејуз" - Скопје и тоа со Одлука на поранешниот министер за образование г-дин Бајалџиев на овие ученици им се одобри да патуваат со автобус, што значи бесплатно. Но, учениците се малтретираат во зимски услови кога патот до селото е непрооден и лош, автобусот не може да ги носи до селото. Учениците си одат пеш и по три до четири километри. Сите овие маки ги трпат учениците и покрај тоа што во селото има Основно училиште и сега ја посетуваат наставата само осмо оделенци. Што значи дека оваа година ова училиште ќе се затвори. Прашањето се однесува до министерот за образование, кога ќе им се одобри барањето на овие ученици да посетуваат настава во своето село и наместо учениците да патуваат секој ден до Скопје, да се случи обратното, наставниците да патуваат до селото како што се случува во сите други училишта во Република Македонија.

Друго прашање до Министерството за екологија. Санитарната депонија "Дрисла" се наоѓа во близина на населеното место Батинци. Дали оваа депонија се наоѓа на прописна одалеченост од населеното место, дали оваа депонија работи по сите стандарди предвидени за депонии и ако работи по сите стандарди, тогаш зошто во селото се шири лош мирис посебно во летниот период. И бидејќи сите последици од оваа депонија ги трпи населението од Батинци, колку е вкупниот број на вработени во "Дрисла", а од тој број колку има вработени од Батинци.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Му благодарам на г-динот пратеник Назми Кадриу.

Првото прашање го упати до министерот за образование г-динот Гале Галев.

Го молам министерот за образование да се обиде да одговори на прашањето.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Во рамките на Министерството за образование тече и анализа за остварување на воспитно образованиот процес во годината која што заврши, па во тој контекст и ова прашање кое што денеска беше поставено. Имаме и други такви така да речеме слични состојби. При оценката која што ќе се направи во текот на летниот период, кога ќе се согледаат сите аспекти на прашањето, верувам дека пред почетокот на учебната година Министерството ќе заземе дефинитивен став за овој случај и за слични на овие случаи. Така што случајот го следиме, имаме кај нас информација за него, но во овој момент не можам да кажам дека е падната конечната одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Кадриу дали сте задоволни од одговорот.

**НАЗМИ КАДРИУ:**

Делумно можам да бидам задоволен, бидејќи тука Министерството има став и се знае дека по Устав на сите ученици им се гарантира да учат во своето село, што значи во својата близина и тука треба да им се одобри. Кога велам дека има став Министерството ги плаќа автобусите за да се носат учениците до Градот Скопје, значи до Основното училиште *Тефејуз" - Скопје, кога може многу лесно да се случи обратното, наставниците да се носат со автобус до Основното училиште. И тука ставот треба да биде јасен на министерот и треба да биде по конкретен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г-динот министер чувствува дека треба да одговори.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Учебната година заврши. Сега ние да се враќаме назад, што било, било. Затоа велам сега анализата се прави во рамките на Министерството, согледувајќи ги сите аспекти на проблемот во текот на летниот период. Значи пред започнување на учебната година Министерството ќе излезе со свое конечно решение и верувам дека квалитетно ќе го разреши прашањето.

**НАЗМИ КАДРИУ:**

Барам и писмено да биде одговорено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За решението на Министерството ќе добиете одговор во писмена форма.

Второто прашање, вие го упативте до Министерството за екологија.

Меѓутоа, немаме претставник од тоа Министерство, па одговор ќе добиете во писмена форма.

Има збор г-динот пратеник Мирко Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, господа министри, како прво прашање, на планината Голак на спортско - рекреативниот центар постоеше објект кој служеше како касарна уште во времето на бивша Југославија, каде што имаше поставен и радар и се вршеше контрола на летовите за Источна Македонија и пошироко. Овој објект потоа стана сопственост нормално на Армијата на Република Македонија за да после, пред година дена овој објект е срушен од страна на непознат инвеститор, или градител заради тоа што немаше никаков тендер во јавните гласила, ниту кој ќе го гради, ниту зошто се гради. Па граѓаните се прашуваат, па и јас меѓу граѓаните исто така се прашувам, кој го гради, за чија намена, со чии средства? Јас би додал и тоа дека објектот, бетонот кој се носи на објектот го потпишува Електростопанство на Македонија. Значи тоа сепак се пари на јавно претпријатие, државни, или народни пари, а го изведува фирма која не е регистрирана за изведување на објекти од висока градба, тоа е некоја фирма од Велес, фирма човек кој има собрано неколку работници од општината и пошироко и го изведуваат. Проектот го има правено проектант од Виница кој е член на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Во јавноста се кажува дека се гради вила на ВМРО-ДПМНЕ, дека се гради вила на премиерот Љубчо Георгиевски, дека се гради објект за некаква резиденција на Владата. Па да биде тоа јасно, да ми биде јасно и мене, а и на пошироката јавност и на граѓаните од мојата изборна единица, прашањето би гласело, кој го гради, со чии средства и за чија намена? Прашањето гласи до Владата на Република Македонија, а тука сигурно можеби знае нешто и министерот за одбрана г-динот Никола Кљусев. Ако знае, може и тој да ни каже, па ќе кажам дали сум задоволен.

Второто прашање се однесува на фабриката за фротир, ткаенини "Фротирка", од Делчево која подолго време ја брануваше јавноста како во пишаните медиуми, така и во електронските, се кажуваше најразлично дека ќе оди во стечај од неколку работници кои штрајкуваат, а тие не штрајкуваат да оди во стечај, туку штрајкуваат да останат на работа, бидејќи се бркаат најповеќе по партиска припадност за да после на крајот излезе потпаролот на Владата Антонијо Милошоски и каже: Владата донесе одлука "Фротирка" да оди во стечај. За да другиот ден министерот за стопанство Борко Андреев каже: тоа е ноторна глупост. Никојпат Владата не расправала за "Фротирка" и никојпат не донела таква одлука. И сега веќе пак јас се прашувам, а и граѓаните се прашуваат, едно кажува потпаролот после одржувањето на седница на Влада, друго кажува министерот, а јас знам дека "Фротирка" многу тешко работи. И дури потпаролот познавајќи го дека ја познава историјата, вака ја прекројуваше во неговите колумни, а сега го видов дека многу го познава и стопанството, и кажа дека, единствени кривци и виновници заради тоа што "Фротирка" оди под стечај се бившиот директор, а тој сигурно не ме знае, тоа бев јас. Така што евентуално ако гледа да му биде јасно, кој е тој бивш директор од СДСМ. А во тоа време кога бев директор, фабриката работеше 14 месеци бев директор и земаа над 10 илјади просечна плата и сите 14 плати се исплатени до последниот ден додека бев директор. Така што да му биде јасно, дека "Фротирка" може да работи, ама не може да работи со такви демагошки однесувања и кажувања, а и самата Влада на крајот на краиштата да не знае дали е во стечај и министерот да кажува едно, а потпаролот друго.

Моето прашање е, да се даде одговор дали "Фротирка" е продадена, дали е во стечај, дали се бара стратешки партнер, бидејќи и работниците кои работат внатре и граѓаните, па и јас како пратеник незнам која е моменталната состојба на фабриката за фротир и ткаенини единствена во Македонија.

Третото прашање е до Министерството за урбанизам, до г-динот министер Кадиевски. Во Делчево пред месец дена се регистрира фирма која се вика "Круна". Таа фирма ја регистрираа претседателството на општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ уште со по некој активен член. После нејзиното регистрирање по 10 дена и се додели градежно земјиште од 300 метри квадратни во центарот на градот, тоа е токму до полицијата во Делчево, на тоа место беа предвидени објекти за трговија, за мало стопанство. Сега се доделува како локација комплет целото земјиште. А со оглас кој излезе во сабота во "Нова Македонија", во понеделникот заврши. А и на првото распишување на огласот се доделува на единствениот кој се јавува, тоа е фирмата "Круна".

**МИРКО ИВАНОВ:** (Продолжение)

Јас знам дека градежното земјиште се доделува, нормално на тендер, ако на првиот конкурс не се јават повеќе кандидати, мора да се огласи уште еднаш, па после второто огласување може да се оди со директна спогодба. Така, прашувам, како може да се доделува градежно земјиште на тендер кој е огласен во сабота, а завршува во понеделник и со тендер каде што се јавува само еден единствен побарувач и тоа на првиот оглас.

Прашањето е до министерот за урбанизам, како е доделено земјиштето, под кои услови и под која цена. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мирко Иванов.

Јас ќе одам по ред. Првото прашање беше упатено делумно до Министерството за стопанство, Владата односно Министерството за одбрана.

Ќе ве молам кој од овие субјекти се смета за надлежен да одговори. Се работи за објект, кој што бил од електростопанство, па сега пренамена итн. и прашањето е кој, како и за што треба да се употребува тој објект.

Дали ќе може министерот за стопанство да одговори усмено или во писмена форма.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Тоа беше во Министерство за одбрана господине претседателе.

Касарна на војниците кои ја посматраа радарската контрола.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се извинувам, тогаш министерот за одбрана господинот Кљусев да одговори.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Министерството за одбрана има прифатено градежна програма за реконструкции и интервенции во инсталациите, проширување и слично.

Тоа беше предмет на колегиумот на Министерството и тоа е еден пакет, кој што некој пред нас десетина години воопшто не интервенирал во воените објекти и касарните и ние сакаме оваа година тоа да го сториме, затоа што имаме и посебни средства наменети за таа цел. Сега, некои објекти за кои конкретно станува збор, доколку сака пратеникот да добие поисцрпна информација, ние можеме да му дадеме во писмена форма. Значи, не станува збор за еден објект, тоа е еден омнибус од речиси во сите караули, сите касарни, сите воени магацини и слично. Се што е пропаднато, што овие десетина години ни денар не се инвестирало, ние извршивме интервенција, дадовме приоритети на одредени објекти и веќе градежната програма е во акција. Доколку, некој сака конкретно да се каже, ќе може да му дадеме и подетална анализа и проценка.

Што се однесува до некои објекти, како што се кажа сега во Голак или каде е тоа, фактички Министерството за внатрешни работи, уште господинот Павле Трајанов се интересираше дали може тие тоа да го реконструираат, па тоа се провлекуваше и на крајот ние рековме сите воени објекти ќе бидат предмет на грижа на Министерството за одбрана. А, Владата донесе своја одлука, сите министерства кои располагаат со имовина, физичка или жива, не може или рационално не се ползува, може да биде предмет на концесионирање, да се дава под концесија или да се продава. И, тоа е еден новитет, кој Владата го донесе, затоа што би било навистина болно мртви да лежат капацитети кои биле програмирани за некоја поголема да речеме армија или полиција, сега во овие услови ние тоа не можеме да го одржиме и чекор по чекор ќе вршиме оценка како треба да се валоризира н да се користи таа имовина. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот министер за одбрана.

Дали господинот Иванов е задоволен од одговорот.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Не сум комплетно задоволен, можам само да констатирам, според кажувањето на министерот, дека значи објектот останува на

Армијата на Република Македонија. Ако е така, но не сум сигурен, поради тоа што според инвестицијата кој ја инвестира и од чии средства се инвестира, не можам тоа да го заклучам. Затоа, барам, пошто во стенограмот сигурно го има моето прашање комплетно, барам комплетен писмен одговор да можам во детали да бидам запознат за комплетната инвестиција и за објектот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине министер, дали се согласувате со ова?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Процедурата на отуѓување на имовина од армискиот комплекс е мошне сложена. Според тоа, не може паушално да велиме дали е некој инвеститор, туку тоа се инвестиции кои потекнуваат од Министерството за одбрана вие знаете дека во рамките на Министерството за одбрана има голема програма, за која што зборував за градежните инвестиции и тоа ќе се изврши.

Инаку пратеникот ќе добие и детален писмен извештај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, ќе добиете и детално писмено известување.

Второто прашање вие го упативте до Министерството за стопанство во врска со судбината на Фротирка.

Го молам министерот Борко Андреев да одговори на тоа прашање.

**БОРКО АНДРЕЕВ:**

За Фротирка треба да се каже дека е во групата на загубари и таа подолго време се наоѓа таму. Се појави Алкалоид - Берово како купец и Фротирка беше продадена. Меѓутоа,- купецот не можеше да влезе внатре во фабриката, заради отпорот што се создаде од една група на вработени, кои што се појавија како технолошки вишак. Ние на Владата донесовме одлука овие работници кои се технолошки вишок да бидат алиментирани, меѓутоа, и понатаму проблемите се присутни. Ние настојувавме овие работници да се задржат, меѓутоа купецот немаше можност да ги прошири своите производствени капацитети, за да може да ги задржи овие работници. Процедурата ќе ја водиме во правец на решавање на прашањето на работниците кои што се технолошки вишок со примена на законските решенија, кои што се во сила во Република Македонија. Но истовремено, правиме активности, колку е тоа возможно да се најде и нов заинтересиран купец кој што би можел да ги апсорбира и овие четириесетина работници. Ова е вака едно блиц видување, кое што можам да му го искажам на почитуваниот господин пратеник, меѓутоа ние за целиот случај ќе го информираме писмено и детално, со целосна хронологија на настаните, затоа што мислам дека и во неговото искажување што е можеби и разбирливо имаше и определени не јаснотии и не прецизности. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот министер Андреев.

Дали господинот Иванов е задоволен.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Се сложувам со министерот да ми се даде и писмен одговор.

Имам само уште едно прашање до него, дали на Влада е донесена одлука на Фротирка во стечај. Тоа што го кажа потпаролот пред Владата после седницата, дали е донесена или не е донесена. Тоа е чисто поради моја информација.

**БОРКО АНДРЕЕВ:**

Владата не може да донесува одлука за стечај.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Па, добро, тоа ми беше и прашањето, бидејќи потпаролот рече дека донесе одлука за стечај. Барам и писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ако сте задоволни, рековме дека само двајца министри ќе одговараат за да оставиме простор за време. Она, третото прашање ќе го оставиме и во писмена форма ќе добиете одговор.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Благодарам. Моето прво прашање би било до министерот за урбанизам. Бидејќи живеам во населба Радишани со изградувањето на населбата пред десетина години настана еден мал проблем околу канализационата мрежа. Поточно населбата Бутел или селото Бутел имаат проблеми со канализационата мрежа и која е тесно грло и не може да ја прифати целокупната канализација која се слева во населбата Бутел, затоа што таа е градена со ограничен

капацитет. Поточно, има ФИТ 300, а додека населбата, колку што јас знам има ФИТ 500. Тоа тесно грло на некој начин треба да се отстрани. Проблемот е тој што кога има поројни дождови или врнежи целокупната канализација им се излива во дворовите и можност е за најразлични заболувања.

Затоа, моето прашање е дали постои решение и во блиска иднина дали тоа може да се реши. Бидејќи, ние повеќе пати сме настојувале и разговарале со градоначалникот од општина Чаир, затоа, ова прашање го упатувам до министерот. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, можеби сега и не држи, би го упатил до министерот за одбрана, затоа што хеликоптерите на КФОР ја надлетуваат населбата Радишани многу ниско. Често пати знаат да надлетуваат и повисоко и јас верувам дека тој е коридорот, а можеби и може да се промени, ако не друго барем бараме да ја надлетуваат населбата повисоко, затоа што времето кое ја надлетуваат не е постојано. Некогаш ја надлетуваат во временските периоди кои се за одмор, некогаш во вечерните часови, исто така, кога се за одмор.

Барањето е дали постои можност да се помогне на оваа населба околу надлетувањето на хеликоптерите.

Третото мое прашање е до министерот за спорт. Бидејќи е донесен Закон за спорт, дали еднаш ќе заживее Законот за спорт и дали постои и дали постои инспектор за спорт каде што еднаш засекогаш ќе се реши проблемот со стручните кадри во спортот. Затоа што, во спортот царува кадри кои се неквалификувани и некомпетентни. Тие се моите три прашања. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Вангел Симев.

Првото прашање тој го упати до министерот за урбанизам и градежништво, господинот Кадиевски.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Добро одговорот ќе биде нешто слично како и на господинот Билали.

Надлежност на локалната самоуправа да изгради канализации и водовод.

Ние како министерство како Влада можеме да учествуваме со некои средства за да помогнеме на таа изградба. Инаку, што се однесува до Радишани мислам дека при крај се разговорите со ИНДП, ние потпишавме еден предговор за реализација на водовод за изградба на една делница која се симнува долу према Стенковец. Тоа е мојот одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник Симев, дали сте задоволни?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не сум задоволен, затоа што не добив одговор околу канализационата мрежа. Дали постои решение во блиска иднина, барем да слушнеме неколку години, еве, две до три години, затоа што граѓаните навистина имаат проблеми во населбата во која живеат, бидејќи канализацијата им се излива во дворовите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Кадиевски, дали можете да одговорите и на ова прашање.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Па, добро, може да достават проект до Министерството пак во рамките на можностите предвидени према Буџетот на Република Македонија, можеме да интервенираме. Меѓутоа, повторно уште еднаш ќе повторам, локалната самоуправа е таа која треба да ги решава овие проблеми.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Симев?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Благодарам, сега сум задоволен и ќе поднесеме проект.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање вие го упативте до Министерството за одбрана врска со надлетувањето на одредени авиони и т.н.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Обрнато е внимание на Командата на КФОР во Косово, а и на Логистичката команда, која е тука во Македонија, да одбегнуваат населени места при прелетите на хеликоптерите. На тој начин навистина да се отстрани таа бучава. Станува збор, за дозволиви летови и ние ќе бараме по децидно која е висината, низ кои коридори треба да минат. Ги прифаќаме овие сугестии што ги изнесе пратеникот. Ние веќе сме во контакти со Командата на КФОР и бараме корекција на тој домен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го слушнавте одговорот господине Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, задоволен сум, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, задоволен си од одговорот.

Дами и господа пратеници, со ова го исцрпивме времето за поставување на прашања, а тоа е еден час.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

На третото прашање не ми се одговори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Рековме дека само двајца министри одговараат, третиот ќе одговори во писмена форма. Тоа прашање ќе го доставиме до министерот за спорт и одговорот ќе го добиете во писмена форма. Така беше претходниот договор, заради времето. Тој принцип јас го почитувам до крај. Според тоа, кога ќе ги поставувате прашањата правете си редослед кој министер ќе ви одговори на кое прашање.

Сега би преминале на дневниот ред. Меѓутоа, ги молам сите пратеници кои во моментов не се во салата да влезат внатре, за да видиме колку пратеници имаме и дали имаме услови, како што се договоривме вчера со претставниците на пратеничките групи за да преминеме кон гласањето за измените и дополнувањата на Законот за извршна постапка и на Законот за хипотеката.

Ве молам, да видам колку пратеници ги има во овој момент во салата, затоа што за првиот закон, Законот за измени и дополнувања на Законот за извршната постапка потребно ни е квалификувано мнозинство од 80 гласа за. Со картички овде ми се присутни 61 пратеник. Според тоа, не можеме очигледно сеуште да пристапиме кон гласањето за усвојувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за извршната постапка.

Тогаш ние ќе преминеме кон усвојувањето на денешниот дневен ред.

Дами и господа пратеници, пратениците Алириза Лога, Марика Јорданова, Аце Сајковски, Нано Ружин, Наталија Марковиќ-Димова и Кастриот Хаџиреџа, предлагаат дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на Закон за плаќање на доплата на поштенска марка "Мајка Тереза", со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот, ви е доставен.

Предлогот на пратениците го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

54 пратеници гласаа за, 6 се воздржани и 4 пратеници се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Александар Гештаковски, предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Информацијата за состојбите во врска со одлуката на Уставниот суд на Република Македонија за времено стопирана Законот за остварување на предвремена пензија.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, господинот потпретседател Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, мислам дека одлуките на Уставниот суд не смеат да се коментираат, па ниту во овој законодавен дом. Имаме решение аз времена мерка, која нормално тоа решение треба да се објави во Службен весник и како такво треба да се почитува. Не чувствувам никаква потреба дека по тоа решение треба да се расправа пред Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, многу ми е јасно дека одлуките на Уставниот суд не се коментираат, но одлуките на Уставниот суд треба да се спроведуваат. Во дадениот случај можеби има еден недостаток, што одлуката на Уставниот суд не е објавена, меѓутоа, таа е многу јасна. Се покренува постапка за утврдување на законитоста и уставноста во целина и е донесена времена мерка.

Оваа седница на Парламентот е една од претпоследните седници. Министерот можеби нема потреба да даде коментар или да каже што ќе преземе Владата, но Владата е должна и по новиот закон кој се предлага за Владата, доколку одредени органи не ги спроведуваат одлуките на Уставниот суд, да донесе заклучок за спроведување. Ги интересира огромен број на граѓани на Република Македонија кои добија решенија за предвремено пензионирање и добија решенија за годишен одмор. Затоа, Владата денес на оваа седница на Собранието кога имаме расправа за пакетот за реформи во државната администрација, а ова беше прв закон во реформите, не би сакал овде ни

малку да коментирам на укажувањата. Тоа не е битно, битни се последиците и тие се јасни, дали тие луѓе, прво министерот за труд и социјална политика кој не беше предлагач на законот, тоа треба да го каже министерот за правда и незнам зошто тој го претставува овој закон, одговара на оваа информација и во име на Владата. Колку решенија се издадени за пензионирање треба да се каже пред овој Парламент, затоа што основното и битното е што нема време. Колку решенија се издадени за годишен одмор, дали тие луѓе од годишен одмор ќе се вратат или нема да се вратат и што е најопасно и што може да има последици по спроведување на законот, по Буџетот на Република Македонија, особено за граѓаните, дали Владата продолжува сеуште да издава решенија или Владата ќе прима нови работници. Не е опасно дали ќе се примат во Собранието, во стручните служби на министерствата, опасно е ако Владата продолжи да прима вработени во образованието.

Уставниот суд се произнесе, Уставниот суд ќе ја продолжи постапката во септември. Во септември отпочнува школската година. Огромен број, пратениците, министерот, потпретседателот на Владата така ноншалантно го коментира овој проблем, овој проблем, е актуелен. Незнам кај претседателот на Собранието или кај вас пратениците дали се јавуваат граѓаните. Граѓаните не знаат како да се однесуваат, дали да се вратат на работа, дали да не се вратат на работа, дали ќе примаат пензија, дали да ги примат испратнините. Граѓаните ми се јавуваат и велат не ги примаат испратнините.

Владата на оваа седница да каже - не инсистирам на информации, не е битна информацијата, меѓутоа, министерот за правда или потпретседателот на Владата кој е задолжен за оваа област, во воведниот збор за реформата во државната администрација треба на македонската јавност и на граѓаните да им каже: оние што добија решенија се во мирување, во образованието за професорите - се работи за луѓе со 35 години работен стаж, наши професори. Не го коментирам законот дали е подобар или е полош, но тие луѓе не знаат како да се однесуваат. Согласно законот за Влада, Владата е должна да ги спроведува и Владата мора да донесе заклучок и преку овој Парламент, бидејќи е покрената постапка за оценување на уставноста на законот кој го донесе Парламентот. Тоа не е закон на Владата. Дали го гласаше позицијата или опозицијата не е многу битно, но тоа е Закон за предвремено пензионирање донесен од Собранието на Република Македонија. Немаат основ за повикување на чекање на Одлуката на Уставниот суд да се објави. Тоа е многу јасно.

Дали Уставниот суд ќе укине или поништи, тоа е многу битно. Тоа е она основното за овие претходни прашања, кои треба да бидат решени дали ќе се укине или ќе се поништи. Не навлегувам ниту сакам да го коментирам, тоа е право и никој нема право да коментира став на Уставниот суд. Но Уставниот суд донесе една времена мерка. Таа е многу нејасна, таа ја повикува Владата и треба да ги заштитиме овие граѓани. Да ги заштитиме граѓаните за да не дојдеме во состојба на 1 септември или на 30 септември кај учениците да одат по два професори. Тоа ќе се случи ако вака се однесува и министерот и Владата. На 30 септември ако донесе одлука Уставниот суд, а Владата има издадено решение за пензионирање и за престанок на работниот однос, ако прими нови вработени, тогаш во секое одделение во Република Македонија, бидејќи по овој закон 2600 просветни работници треба да одат во пензија, колку решенија се тоа, Но, колку решенија Владата издаде за предвремено пензионирање, бидејќи законот важи до 31.12. 2000 година.

Затоа, ги молам пратениците и Владата ако имаат расположение не би инсистирал на писмена информација, не е битна информацијата, битно е проблемот, Владата да го осознае и да го соопшти на граѓаните кои не знаат како да се однесуваат. Се работи за семејства, се работи за живот на луѓе и вие, ваш претставник во Комисијата за труд, знаете дека и писмено и усмено ми се јавуваат голем број на граѓани.

Ако прифати Владата во воведниот збор на министерот за правда да каже, јас не можам да кажам според однесувањето на потпретседателот на Владата дека во Владата не се разговарало за овој проблем ќе се чека одлуката на Уставниот суд. Нема потреба во конкретниот случај да се чека одлуката на Уставниот суд, таа е јасна. Ќе воведе вре мена мерка. Затоа, мислам дека пратениците би требало да го прифатат дополнувањето на дневниот ред, со таа можност и усно претставникот на Владата во воведниот збор во врска со реформите во државната администрација на пратениците да им ги предложи мерките кои ги презема владата. Особено што е опасно, со што не би сакал да шпекулирам, и тоа да го каже

пред овој Парламент претставникот на Владата, дека Владата свесни сте и во средствата за јавно информирање, сеуште продолжува да издава решенија за предвремено пензионирање. Не е ништо страшно, но ако не излезе министер или претставник на Владата пред овој Парламент да каже дека Владата нема издадено ниедно решение, и новинарите и средствата за јавно информирање и граѓаните ќе имаат шпекулации. Ние сме таков законодавен дом, од оваа говорница ги соопштуваме ставовите. Тогаш, целиот народ и граѓаните ќе знаат дека во Република Македонија сеуште не се издаваат решенија за предвремено пензионирање и тоа ќе биде расчистено.

Околу овие прашања, околу интересот на граѓаните, околу реформите на јавната администрација го поставувам ова актуелно прашање и барам Владата - изненаден сум барем од однесувањето на потпретседателот на Владата. Видете, тој може да излезе на прес конференција и да ги соопшти мерките на Владата. Но, јас мислам бидејќи се работи за Уставен суд и закон донесен од овој Парламент, местото е од оваа говорница да излезе потпретседателот на Владата и да ги соопшти ставовите на Владата, за да можат луѓето да бидат релаксирани и да ги остваруваат своите права. Се случуваат многу други работи во однос на нивните размислувања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Гештаковски.

Има збор потпретседателот на Владата г-динот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, со оглед дека бев повикан од говорница да се обратам на граѓаните на Република Македонија, јас тоа ќе го направам. Законот кој е донесен треба да се применува се додека тој не се укине или не се поништи. Во случајот ќе имаме времена мерка од Уставниот суд, времена мерка односно решение кое сеуште не е објавено во"Службен весник". Со денот на објавување на времената мерка односно на решението во "Службен весник" ќе престане да се применува Законот за предвремено пензионирање. До тој момент сите тие кои ги исполнуваат условите за предвремена пензија ќе мора да одат во пензија, а сите тие одговорни лица во државните и управните органи на Република Македонија ќе мора да издаваат решенија, а Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ќе мора на овие лица да им пресметува и да им издава решенија за висината на пензијата. Јас не сакам да прејудицирам дали одлуката на Уставниот суд, односно конечната одлука ќе биде укинувачка или поништувачка, тоа ќе зависи од натамошниот тек на работата на оваа седница на Парламентот, по донесување на пакетот на законите за реформи во државната администрација.

Значи, сите тие кои до објавувањето на времената мерка во "Службениот весник" исполнуваат еден од условите за одење во предвремена пензија ќе си одат во пензија ќе користат пензија, зависно од исходот дали одлуката на Судот ќе биде укинувачка или поништувачка тогаш ќе уследат дополнителни дејствија за санирање на евентуалните состојби, кои ќе настанат со примената на законот за предвремено пензионирање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот потпретседател на Владата, Бедредин Ибраими.

Господинот Александар Гештаковски бара збор, реплика.

(Пратеникот Ѓорѓи Котев бара збор процедурално).

Процедурално не можеме да се уфрламе додека не заврши репликата.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Потпретседателот на Владата, инсистирајќи на своето прво однесување почна да ги коментира одлуките на Уставниот суд. Дали ќе се донесе пакетот на закони, од тоа многу зависи и сугерира.

Јас конкретно прашав за последиците. Се е јасно, "околу па на ќоше" потпретседателот кажува ништо не соопштува. Искрено кажано, дали Владата ќе распишува конкурси во образованието за 2600 луѓе, односно колку решенија за просветни работници се издадени. Може да се примаат во министерствата, во образованието дали ќе примате нови луѓе или нема да примате, бидејќи ќе зависи дали ќе се укине или ќе се поништи. Јас не прејудицирам, ниту сакам да коментирам. Ова се претходни прашања кои мора да бидат решени, бидејќи ќе имаат последици со луѓето. Се ми е јасно на мене, јасно ми е ова што го кажувате и Владата треба да ги преземе одговорно. Знам што е да се стопира, да се покрене постапка, времена мерка. Конкретно јасно треба да им кажете на овие граѓани дали да се вратат на работа или нема да се вратат на работа.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Нема да се вратат.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Да, нема да се вратат на работа. Точно, мене ни е јасно дека нема да се вратат на работа, но ќе се вратат на работа во просветата и дали решенијата - вие не се изјаснивте од оваа говорница -за пензионирање сеуште се издаваат во овој вакуум простор. Затоа треба да се изјасните и за примањето би требало да се изјасните.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие господине Гештаковски побаравте информација за состојбите.

Не се работи овде за тоа ние да донесуваме посебна одлука, туку за информација. Владата во оваа ситуација смета дека е прерано да се донесе информација и да се достави до Собранието. Ние можеме по ова прашање, на никој друг нема да му дадам збор, ние можеме да се произнесеме со гласање.

Предлогот на г-динот Александар Гештаковски, Владата да подготви информација за состојбите во врска со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија за времено стопирање на Законот за остварување на предвремена пензија.

Процедурално ли барате збор?

Повелете г-дине Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Најнапред сакам да укажам, вие сте почитуван претседателе д-р на правни науки. Знаете дека Уставниот суд на Република Македонија донесува одлуки, тие одлуки се конечни и извршни. До денешниот ден Уставниот суд не се произнел и нема конечна извршна одлука. Според тоа, нема на никој како Владата или Собрание отчет да даваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се разбираме г-дине Котевски. Се работи за следното: Господинот Гештаковски поставува прашање и бара од Владата да подготви информација, немаме ние одлука, ние не донесуваме одлука денес, немаме право да донесуваме било каква одлука денес.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Меѓутоа, вие спомнавте според одлуката на Уставниот суд. Нема одлука Уставниот суд, Ве молам. Тие имаат колебања бидејќи се од СДСМ сите назначени во Уставниот суд на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, немојте така. Дајте да бидеме смирени и да разговараме во прави рамки. Се работи за следното.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Не е објавено, нема одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Преку печатот имаме добиено информација дека има времена мерка. Времената мерка стапува во сила од денот на нејзиното објавување во "Службениот весник" на Република Македонија. Таа се уште не значи одлука, тоа не е одлука. Одлуката може да биде поништувачка и да речеме одлука со која се укинува или понатаму што се забрануваат дејствијата на Уставниот суд. Каква ќе биде одлуката ние не знаеме ниту сакаме на прејудицираме. Има дел, во она што тој го прашува, а тоа е колку се отидени во пензија досега според нашиот закон што го донесовме, тој има право да праша, од која област се отидени во пензија итн. Во таа смисла ние можеме да дискутираме и да бараме односно да не бараме, ќе се определиме се разбира со гласање, да се подготви информација од страна на Владата. Друго, никако не смееме да навлегуваме во компетенциите на Уставниот суд.

Во таа смисла го ставам барањето на г-динот Александар Гештаковски.

Повторно збор побара г-динот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, вака како што го поставивте Владата прифаќа да изготви информација и да даде податоци колку државни службеници отишле во пензија по основ на законот за предвремено пензионирање.

**САВО КЛИМОСКИ:**

Тоа е.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас мислам дека таа информација не е предмет да се расправа пред Собранието и нема зошто да се расправа, туку само информативно ќе биде дека согласно тој закон отишле толку службеници во пензија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека тоа беше суштината на Вашето барање г-дине Гештаковски. Владата прифаќа да подготви информација.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

А не прифаќаме да се расправа ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

А потоа, ние ќе расправаме колку, како, што, дотогаш веројатно ќе ја имаме и одлуката на Уставниот суд, ако дојде одлуката.

Повелете, г-динот Гештаковски побара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Видете, си играме мали деца во овој Парламент и министерот. Да, ја прифаќам информацијата, утре ќе излезе одлуката за времено стопирање на извршување на законот. Владата по таа информација ќе ми даде коментари на овие прашања кои ги барам. Не е објавена за времено стопирање времената мерка на Уставниот суд, кога ќе се објави во "Службен весник", во таа информација Владата е должна да коментира, но тоа го барам за наредната седница, кога ќе се избира Владата или во воведниот збор новата Влада, зашто граѓаните на Република Македонија, бидејќи се работи за животни прашања, не знаат како да се однесуваат. Проблемот е во одлуката на Уставниот суд дали ќе биде укинувачка или поништувачка нема да биде донесена до 1 септември кога ќе почне школската година. Владата дали сака да разбере или се прави дека не разбира, треба да се изјасни, треба да ја чека конечната одлука на Уставниот суд, но претходните прашања треба да ги реши дали ќе примаат наставници или нема да примаат на конкурси. Тоа е моето прашање и тоа треба да го каже Владата за да бидат луѓето релаксирани до конечната одлука. За тоа се работи, за наједноставни и најпрости прашања кои ги мачат граѓаните кои добиле решенија. Околу тоа се работи и многу едноставно, доколку се договорат со Владата, да кажат во пет збора нема никаков проблем. Информацијата е само деловнички да дојдам да го поставам, бидејќи во основа знам ова е пратеничко прашање. Но, немојте да се криеме - не, времената мерка на Уставниот суд не е објавена. Многу е јасна таа, таа е времена мерка и утре ќе излезе во "Службен весник".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи потпретседателот одговара, да не влегуваме во расправа, би требало на други да дадам збор, господине министер да зборуваат за тоа.

Тоа е Закон на Владата, Одлука на Уставен суд, имаме потпретседател кој што ја претставува Владата.

Според тоа Владата прифати да подготви информација, се надевам дека ние наредната недела ќе имаме повторно седница, па врз основа на поставените прашања ќе добиеме информација. Одиме понатаму.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање на согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација - Стоматолошки клинички центар Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Ве молам да гласаме по предлогот на Комисијата.

61 гласаа за, 5 се воздржани и 4 против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Чедомир Кралевски предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје и за избор на претседател на Основниот суд во Тетово.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Молам да гласаме по предлогот на пратеникот Чедомир Кралевски.

58 пратеници гласаа за, 3 воздржани и 7 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател и членови на ДИК, секретар и нивни заменици.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам да гласаме за предлогот на Комисијата.

62 пратеника гласаа за, 9 воздржани и 5 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за стопанство предлага Собранието да не расправа по Предлогот за донесување на Закон за концесии, од причините наведени во Предлогот на Комисијата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРКО АНДРЕЕВСКИ:**

Мислам, предлогот што е даден од Комисијата за стопанство не држи.

Ние сметаме дека Законот треба да се гледа на оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи треба да остане на дневен ред денеска.

Дали некој бара збор?

Има збор претседателот на Комисијата за стопанство, Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Матичната комисија, врз основа на една општа расправа и анализа, на Предлог Законот за концесиите, застана на становиште и едногласно одлучи предметниот закон да се врати во Министерството на доработка.

Имено низ целиот текст на законот не може да се издефинира онаа нужна тенка линија која овој текст на закон ќе го одделува од упатство или прирачник, односно е законот закон, а од каде почнува подзаконскиот акт.

Бидејќи се работи за еден суштествено битен и клучен закон со долготрајна употреба, Министерството ќе мора да направи напори и повторно да го изанализира овој закон во една нова постапка да го преработи и да го донесе пред Собранието така како што треба да биде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега имаме предлог на Комисијата за стопанство.

Владата тој предлог не го прифаќа.

Има збор министерот за стопанство г-дин Борко Андреевски.

**БОРКО АНДРЕЕВСКИ:**

Уште едно дополнително појаснување.

Овој Предлог - закон помина и на ЗПК, каде беше прифатен во целост, а тоа е матична Комисија каде може да се цени дали тој акт е закон или подзаконски акт.

И уште нешто сакам да напоменам за тоа дека Владата целосно стои зад овој предлог. Законот е правен со помош на домашни стручњаци и стручњаци од Европската унија, целосно е хармонизиран со европското право и Владата не гледа никаква причина да биде симнат од дневен ред на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повторно збор бара г-дин Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Нема да реплицирам, можам само да кажам дека во ЗПК тој навистина е поминат, но е разгледуван оној битен уставно-правен аспект на тој закон. Не е разгледуван суштинскиот дел на Законот. Според тоа ние како Комисија го разгледувавме суштинскиот дел на Законот. Тоа е суштината на целата расправа. Поради тоа како Комисија одлучивме да отиде на доработка. А г-динот министер ако навистина вели дека го разгледувала Владата, коректно и чесно е да го покаже записникот од Владата, од кој ќе се констатира дека навистина Владата стои зад тој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на тоа што имаме спротивставени ставови не ми останува ништо, освен со гласање да се определиме.

Ве малам да гласаме по Предлогот на Комисијата.

46 пратеници гласаа за, 6 се воздржани и 26 се против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Процедурално бара збор г-дин Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, имам поддршка од 10 пратеници и барам поединечно да се гласа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Констатирам дека има поддршка од 10 пратеници.

Го молам заменик секретарот да изврши прозивка за поединечно гласање.

(Заменик секретарот врши прозивка за поединечно гласање).

1. Јонуз Абдулаи - воздржан
2. Абдурахман Алити - не е тука
3. Абдула Алиу - за
4. Милојко Ангеловски - за
5. Стојан Андов - не е тука
6. Кирил Андоновски - против
7. Љупчо Анушев - против
8. Амди Бајрам - против
9. Фадил Бајрами - за
10. Димитар Баткоски - против
11. Мерсел Биљали - за
12. Валентина Божиновска - против
13. Јордан Бошков - не е тука

14. Димитар Бузлевски - за
15. Абдулади Вејсели - за
16. Слободан Гарчески - против
17. Васил Гаџовски - против
18. Михајло Георгиевски - воздржан
19. Трајко Гешоски - против
20. Александар Гештаковски - за
21. Данило Глигороски - против
22. Петар Гошев - не е тука
23. Слободан Даневски - не е тука
24. Замир Дика - против
25. Ванчо Ѓоргиев - за
26. Илија Ѓоргиев - не е тука
27. Фатмир Етеми - не е тука
28. Васил Ефтимов - против
29. Насер Зибери - не е тука
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - за
31. Мирко Иванов - за
32. Илија Илоски - за
33. Делче Ицков - против
34. Никола Јованов - против
35. Весна Јовановска - против
36. Марика Јорданова - против
37. Назми Кадриу - против
38. Радомир Карангелески - не е тука
39. Жарко Караџоски - против
40. Митко Киров - против
41. Лазар Китаноски - не е тука
42. Саво Климовски - против
43. Стојан Ковачески - за
44. Ѓорѓи Котевски - против
45. Чедомир Краљевски - против
46. Илија Лазаров - против
47. Горанчо Лазов - воздржан
48. Алириза Лога - против
49. Билал Љутфии - против
50. Васе Манчев - воздржан
51. Наталија Марковиќ – Димова - против
52. Ѓулистана Марковска - против
53. Диспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - воздржан
55. Драган Митевски - не е тука
56. Илинка Митрева - за
57. Кирил Настески - за
58. Рубенс Наумовски - против
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - за
61. Александар Пандов - против
62. Ванчо Панчев- воздржан
63. Илија Пемов - против
64. Тито Петковски - за
65. Чедо Петров - против
66. Томислав Петровски - против
67. Филип Петровски - против
68. Азис Положани - не е тука
69. Стојан Попов - не е тука
70. Љубомир Поповски - за
71. Никола Поповски - за
72. Илија Прангоски - против
73. Исмет Рамадани - не е тука
74. Љупче Ристески - против
75. Ненад Ристовски - за
76. Нано Ружин - за
77. Илјаз Сабриу - не е тука
78. Аце Сајкоски - против
79. Аслан Селмани - не е тука
80. Борче Сибиновски - против
81. Вангел Симев - против
82. Ристо Спанаков - против
83. Крале Спанчевски - воздржан
84. Ѓорѓи Спасов - за
85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - за
87. Томислав Стојановски - против
88. Воислав Стојаноски - против
89. Благој Стојковски - не е тука
90. Златко Стојменов - за
91. Владо Сугаревски - не е тука
92. Оломан Сулејмани - не е тука
93. Ризван Сулејмани - не е тука
94. Мухамед Таири - не е тука
95. Александар Талевски - за
96. Мевљан Тахири - воздржан
97. Митко Тилевски - против
98. Ѓорѓи Тодоров - не е тука
99. Ристо Тодоров - за
100. Павле Тодоровски - против
101. Панде Томов - против
102. Коце Трајаноски - против
103. Горанчо Трајков - против
104. Танас Трајковски - за
105. Александар Трпевски - против
106. Борислав Трповски - за
107. Слободан Ќосев - воздржан
108. Илија Филиповски - не е тука
109. Александар Флоровски - против
110. Илјаз Халими - не е тука
111. Благој Ханџиски - не е тука

112. Сејфедин Харуни - за
113. Кастриот Хаџиреџа - не е тука
114. Бранко Црвенковски - за
115. Миланчо Черкезов - против
116. Ванчо Чифлиганец - за
117. Арбен Џафери - не е тука
118. Хисни Шаќири - воздржан
119. Шахиќ Алија - против
120. Радмила Шеќеринска - не е тука

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, по поединечното гласање 30 пратеници гласаа 'за", против се изјасниле 51, а 10 воздржани.

Според тоа, констатирам дека предлогот на Комисијата не е усвоен.

Повторно процедурално господинот Чифлиганец, после вакво изјаснување?

Веќе немате право процедурално. Оваа точка ја изгласавме и поединечно.

Пред тоа гласавме, па имавте право на поединечно гласање, сега што повторно ќе се изјаснувате по оваа точка.

Повелете, деловнички имате збор.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, помошници и заменици на Владата на Република Македонија.

Уште по кој знае кој пат денеска сфатив дека институцијата пратеник е само од случај на случај потреба на поединци или потреба на поедини партии, а со ова гласање се потврди потврда на владеачката коалиција за промени.

Јас како член на Комисијата за стопанство иако од објективни причини не добив покана, не бев на седницата, се придружив кон моите колеги пратеници, без разлика на нивната партиска или национална припадност да го поддржам нејзиниот предлог без "за"да се одложи, а сега колеги бидете малку трпеливи, зошто се нервирате, затоа предлагам комисиите веднаш да се поништат, не само за Владата на Република Македонија што не постојат, туку не постојат и за нас пратениците овде што сме ги избрале комисиите.

Второ, зарем може за пет минути толку да бидеме лабилни како пратеници кога е тајно гласање ја поддржуваме Комисијата, а кога е јавно гласање се плашиме од поединци или од министри или од партии, тогаш го менуваме мислењето. Затоа го барам листингот на листата кој со тајно гласање го поддржа предлогот "за" а на јавното гласање кој беше против. Да знаеме за каква стабилност или лабилност се бара од пратеникот (негодување во салата).

Извинете господине пратеник, тоа е многу битно суштинско прашање. Ако еден пратеник за пет минути го менува своето мислење на јавно гласање и на тајно гласање, не му е местото во овие клупи да седи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е ваше мислење, ќе го добиете листингот, одиме понатаму.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на "2 Август" - Ден на Републиката.

Предлогот на Комисијата ви е доставен. Ве молам да гласаме.

"За" гласаа 46 пратеници, 9 "против" и 9 "воздржани".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на закон за организација и работа на органите на државната управа;

2. Предлог на Закон за Владата на Република Македонија;

3. Предлог на Закон за државните службеници;

4. Предлог на Закон за високото образование;

5. Предлог на Закон за заштита на потрошувачите;

6. Предлог за донесување на Закон за Фонд за осигурување на депозити, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на Закон за банки, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на Закон за хартии од вредност, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на Закон за плаќање на доплатна поштенска марка "Мајка Тереза", со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на царинскиот закон, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската Конвенција за државјанство, со Предлог на закон;

12. Предлог на Закон за ратификација на Протоколот на Мадридскиот договор за меѓународна регистрација на жиговите, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Стразбуршкиот договор за меѓународна класификација на патентите, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Естонија за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на Закон за концесии;

16. Предлог за донесување на Закон за наградата на Република Македонија.

17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за изменување на претседател и членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици;

18. Предлог на одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување за локалните избори во 2000 година;

19. Предлози за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

20. Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Штип;

21. Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Кочани;

22. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје;

23. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола;

24. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кратово;

25. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово;

26. Предлози за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци;

27. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;

28. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Тетово;

29. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар - Скопје;

30. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување 2 Август" - Ден на Републиката.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Најпрвин за збор се јави господинот пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, предлагам во редоследот на дневниот ред - Предлог за донесување Закон, со Предлог на Закон за доплатна марка "Мајка Тереза", предложен од Одборот за одбележување на 96-годишнината од нејзиното раѓање да се стави некаде 4-та точка, поради временскиот теснец, затоа што се работи за тоа таа поштенска марка да се пушти во промет од 26-ти август до 13-ти септември, се разбира треба време за да се отпечати, да се умножи и барам тоа да биде како точка 4., наместо Предлогот на Закон за високото образование, па понатаму да се продолжи по дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Алириза Лога најпрвин треба да го усвоиме дневниот ред, а после ќе се договориме за редоследот на точките. Најпрвин ни е тоа прашање.

Збор има господинот пратеник Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Точката 10 - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон го повлекувам, бидејќи, Владата подготвува таков сличен закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, точката 10 ја повлекувате, како предлагач.

Можеме тоа само да го констатираме дека 10-тата точка е повлечена од дневниот ред.

Збор има господинот потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што колегата го повлече својот предлог, јас имав намера да го замолам да го повлече овој предлог и нема потреба повеќе да дискутирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Предлагам точката 4 - Предлог на Закон за високото образование да се симне од дневен ред од следните причини:

Очигледно е дека ставовите и мислењата до крај се спротивставени во јавноста и не само спротивставени, туку и поларизирани затоа е многу неопходно во духот на демократските односи начелно да се усогласат мислењата и ставовите по однос на ова доста чувствително прашање, од причини што тоа не е само внатрешно-политичко прашање, тоа е доста чувствително и како надворешно -политичко прашање од причини што ние пред неколку месеци со господинот Јордан Бошков, Нано Ружин и уште некои, кога бевме гости на Европската комисија односно Европската унија, ни беше многу децидно кажано во однос на ова прашање дека е неопходно да се отвори дијалог со сите политички структури и позиција и опозиција, вклучувајќи го и раководството на тетовскиот Универзитет.

Од тие причини сметам дека демократијата не е процедура и не може да биде процедура, тоа е баланс, тоа е еквилибар на мислењата, ставовите, интересите, па од тие причини јас сметам дека е неопходно да се отвори еден политички дијалог по ова чувствително прашање без оглед на политичка провиниенција и да се дојде до можното усогласување на ставовите, вклучувајќи го овде и раководството кое актуелно го води тетовскиот Универзитет.

Предлагам да се симне од дневен ред точката 4.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мерсел Биљали.

Ќе ве молам, имаме конкретен предлог. Пратеникот предлага точката 4 - Предлогот на Закон за високото образование да се симне денеска од дневниот ред.

Деловнички немаме никакво друго право освен неговиот предлог да го ставам на гласање.

Ве молам, кој е за предлогот на господинот Мерсел Биљали точката 4 да се симне од денешниот предлог на дневен ред? Повелете да гласаме.

"За" гласаа 27 пратеници, 4 "воздржани" и 48 се "против".

Според тоа, не се прифати предлогот на господинот Мерсел Биљали.

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, на една од минатите седници конкретно на 6 јули 2000 година, покренав да се расправа за некои суштински односно животни прашања и вие ми рековте да доставам писмено барање до вас како претседател на Собранието, а вие да го доставите до Владата на Република Македонија. Го земав стенограмот и видов - рековте дека на првата наредна седница ќе расправаме за тоа и за тоа ќе бидам информиран.

Имено, се работи, односно барав информација за стопанските движења од првиот квартал од 2000 година, кој директно влијаат на севкупната македонска економија, со посебен осврт во сферата на стоковната размена со странство.

Второ, Информација за ефектите од примената на Законот за додадена вредност со посебен осврт за последиците во сферата на земјоделското производство.

Трето, Информација за актуелните состојби во сферата на откупот и пласманот на земјоделските производи, како што се: бостан, пиперки, патлиџани, пченица, јачмен и др.

Четврто, Информација за појдовните критериуми при донесувањето на одлуката за распределба на дел од вишоците на приходите на дозволеното ниво на потрошувачката во 1999 година по општините. Се работи за одлука која е донесена на 14 јули.

Писмено се обратив и дадов образложение, но до ден денеска како пратеник немам добиено информација, дали ќе се расправа на првата наредна седница, дали има потреба или нема, па затоа барам образложение зошто не е на дневен ред и ако биде кога ќе биде на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Чифлиганец, прво да ви кажам дека јас веднаш го проследив вашето прашање, го симнавме од стенограмот и е до Владата. Прашањето е во Владата, претпоставувам дека подготвуваат одговор, јас ќе го ажурирам одговорот и ако е можно на наредната седница ќе го ставиме на дневен ред.

Само толку можам да ви одговорам. Од овде наредниот ден е испратено вашето прашање до Владата.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Бидејќи се присутни министрите од Владата на Република Македонија, дали воопшто е добиено моето барање, сега ги прашувам и министрите во Владата, во просториите на Владата на Република Македонија. Се работи за актуелни состојби што не чекаат ни ден, а камоли и месеци. Ако се знае дека Републиката е буквално во пламен, а ние ќе добиеме информација после месец -два, актуелноста се губи.

Затоа ги молам господата од Владата на Република Македонија, ценетите министри, на една од првите наредни седници да добиеме информација и да расправаме по овие состојби.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веројатно го слушнаа, тука се министрите, веројатно ќе го добијат и како ургенција од оваа седница, па се надевам дека наскоро ќе ни одговорат.

Бидејќи никој друг не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

73 пратеници гласаа за, 4 се воздржани, а 7 против.

Според, тоа констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именување претседател, членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици, предлозите за избор на судии на Врховниот суд на РМ, претседател на Апелациониот суд во Штип и судија на Основниот суд во Кочани и предлозите за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје, судија на Апелациониот суд во Битола, судии на Основниот суд во Кавадарци, судија на Основниот суд во Кратово и Основниот суд во Тетово, да бидат разгледани пред другите точки од дневниот ред.

Ве молам да гласаме по предлогот на Комисијата.

За гласале 68 пратеници, 1 е воздржан, а 21 против.

Според тоа, констатирам дека се прифаќа предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Г-динот Чедомир Кралевски побара збор процедурално. Повелете.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, со оглед што се наоѓаме пред одржувањето на локалните избори, кој датум е закажан за 10 септември 2000 година, а секогаш, вообичаено е да се донесе одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување на локалните избори за 2000 година, предлагам оваа Предлог - одлука да се стави на дневен ред на денешнава седница како приоритетна, затоа што времето одминува и треба облигаторно да ја донесеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи имаме предлог точката од дневниот ред што е под реден број 18 за правилата за рамноправно медиумско претставување за локалните избори во 2000 година, да ја поместиме пред изборите и именувањата. Да се остави повеќе простор за да можат да се подготват, да се објави и да се подготват надлежните институции во врска со медиумското претставување на локалните избори.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

77 пратеници гласаа за, 3 се воздржани и 5 против.

Според тоа, констатирам дека најнапред ќе ја разгледаме Предлог - одлуката за медиумско претставување во врска со локалните избори.

Пратеникот Чедомир Кралевски предлага предлозите на одлуките за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје и за избор на претседател на Основниот суд во Тетово да бидат разгледани пред другите точки од дневниот ред, односно по оние точки што ги изгласавме во врска со изборите.

И таа одлука ја ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, 3 се воздржани, а 13 против.

Констатирам дека овој Предлог на пратеникот Чедомир Кралевски е прифатен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 2 август "Ден на Републиката", Собранието да го разгледа пред другите точки од дневниот ред, односно по овие избори и именувања.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, 5 се воздржани и 9 се против.

Констатирам дека се усвои и овој предлог.

Конечно, имаме предлог од г-динот пратеник Алириза Лога, во врска со точката

9 - Предлог за донесување на Закон за плаќање на доплатна поштенска марка "Мајка Тереза", со Предлог закон да го поместиме веднаш после точката 4 од дневниот ред, односно после предлозите за избор и именувања. После нив да биде оваа точка разгледана.

Ќе ве молам да гласаме.

71 пратеник гласаа за, 6 се воздржани, а 7 се против.

Значи и овој предлог се прифати.

Дами и господа пратеници почнуваме со работа со 18-та точка од дневниот ред.

Минуваме на точката 18 - Предлог одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување на локалните избори во 2000 год.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес. Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

За збор се јави г-динот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Г-дине претседателе, се јавив уште во почетната фаза, меѓутоа вие не забележавте, но нема проблем.

Сакам да кажам дека во еден од членовите на законот е предвидено, дека медиумите не можат да наплатуваат повисоки износи од оние кои се наплатувале во претходната фаза во однос на претставување на кандидатите. Мислам дека тоа треба да се промени, предлагачот на законот треба да го промени, затоа што никој нема право да ограничува пазарни услови и да го ограничува пазарот во државата. Или, тоа може да се прави со посебен закон.

Ова се коси со Законот за претприемаштво, според тоа работа е на договарање на оние што ги користат услугите и на оние што ги даваат тие услуги. Ограничувањето на вакво нешто во ваков закон е неприфатливо. Тоа значи дека тоа може да се регулира и со некој посебен закон, каде што се ограничуваат целите, вредностите и т.н., какви што имавме порано и какви што денеска воопшто не постојат во земјите што имаат пазарни услови на стопанисување.

Го молам предлагачот, во тој поглед да го измени тој предлог, затоа што се коси со Уставот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго за учество во општиот претрес.

Дали уште некој друг бара збор? (Не бара).

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор конкретно по текстот на одлуката? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 8 се воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за правилата за рамноправно медиумско претставување за локалните избори во 2000 год.

Минуваме на точката 17 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседател и членови на државната изборна комисија, секретар и нивни заменици.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман на точката 2, по кој предлагачот не се произнел.

Го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања, кој фактички е предлагач, тој има поднесено амандман на точка 2, по кој предлагачот не се произнел?

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор по Одлуката во целина се јави г-динот пратеник Никола Поповски.

Тој бара збор начелно по одлуката.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-до пратеници, г-дине Кралевски во својство на предлагач во овој случај, јас и вчера на Координацијата, со координаторите на пратеничките групи кај г-динот Климовски укажав на една состојба што се провлекува во оваа Одлука. Сега

сакам тоа укажување да го официјализирам со барање г-динот Чедомир Кралевски да ја повлече моментално одлуката, да свика итна седница на Комисијата за избори и именувања и во Одлуката во делот II, во точка 2 каде што се заменува г-динот Кочо Топузовски, предложен од партијата ВМРО-ДПМНЕ, кој поднел оставка поради неспоивост на функцијата што ја обавува, се предлага г-динот Трајко Вељановски, дипломиран правник, потсекретар во Министерството за правда. Да посочиме во име на пратеничката група дека, мислиме дека е невозможно г-динот Трајко Велјановски да биде член на ДИК, се разбира не заради тоа што сакаме да се наметнуваме во кадровските решенија во ВМРО -ДПМНЕ. Овој г-дин го почитуваме и право негово е да биде предложен. Меѓутоа во Законот за локалните избори, во членот 5 стои директна одредба во која член и заменик на ДИК не може да биде: "претседателот на државата, пратеник, министер, судија, обвинител", меѓу другото се набројува "лица избрани и именувани од Собранието и Владата на РМ".

Со оглед дека г-динот Трајко Велјановски е именуван од Владата на РМ за потсекретар за правда, која функција и во овој ја извршува, сакаме да предочиме на следново, неговиот избор е возможен, меѓутоа со самиот ден на објавување во Службен весник, неговата функција потсекретар во Министерството за правда треба да престане.

Од вчерашните консултации добив впечаток дека нема подготвеност за таква постапка во понатамошниот период. Сакам отворено да укажам на партијата, во овој случај затоа што по Законот таа предлага, а не пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, дека неспоивоста на министерот, на помошникот министер за правда и на член на ДИК треба да се надмине. Тоа е спротивно на законот.

Во таква ситуација можат да бидат спорни ако Собранието се оглуши од ова наше видување, можат да бидат спорни и одлуките што ги носи комисијата, што во овој случај е конципирана на основа различна од членот 5 од Законот за локалните избори.

Затоа предлагам г-динот Чедо Кралевски да го уважи ова, да ја повлече моментално, да предложат ново решение и Собранието да може да гласа.

Инаку, предупредуваме дека е ова невозможна ситуација во Законот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Никола Поповски.

Има збор г-динот пратеник Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, внимателно го слушав г-динот Никола Поповски, но не сум сигурен дека текстот на членот што го цитираше од Законот за локални избори се однесува токму на членството во ДИК. Мислам, не сум сигурен, треба да провериме и ако провериме дека е така и ако се испостави дека така, во текот на седницата да го смениме предлогот за член на ДИК делегиран од партијата Трајко Вељановски. Но мислам дека членот 5 се донесува за кандидати за градоначалници и за кандидати за членови на Градскиот совет. Членот 5 не се однесува за членови на ДИК. Ако се испостави дека Никола Поповски е во право, подготвени сме во текот на седницата да извршиме корекција.

Поради тоа предлагам, оваа точка да се помести по паузата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај да, треба да се расчисти ова правно прашање.

Оваа точка ја одлагаме по паузата да ја разгледаме.

Минуваме на точка 19 - Предлози за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлозите за избор и мислењата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Вера Коцо да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање. Молам да гласаме.

26 пратеника гласаа "за", 7 "воздржани" и 38 пратеници гласаа "против".

Според тоа констатирам дека Вера Коцо не е избрана за судија на Врховниот суд на Македонија.

Предлогот Мила Камбовска да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

64 пратеника гласаа "за", 3 "воздржани" и 6 "против".

Констатирам дека Мила Камбовска е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот Сафет Алиу да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

67 пратеника гласаа "за", 7 "воздржани" и 4 "против".

Констатирам дека Сафет Алиу е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

На Мила Камбовска и на Сафет Алиу им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 20 - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Штип.

Предлогот за избор и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

35 пратеници гласаа "за", 8 "воздржани" и 36 "против".

Според тоа констатирам дека Киро Бојаџиски не е избран за претседател на Апелациониот суд во Штип.

Минуваме на точката 21 - Предлог за избор на судија на Основниот суд во Кочани.

Предлогот за избор и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

71 пратеници гласаа "за", 7 "воздржани" и 1 "против".

Според тоа констатирам дека Собранието го избра Зоранчо Мицевски, за судија на Основниот суд во Кочани.

На господинот Зоранчо Мицевски му го честитам изборот и му посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 22 - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе. За да не се јавувам за збор и за наредните неколку точки од дневниот ред, би сакал по повод оваа точка дискусијата да се сфати дека важи и за наредните неколку точки, каде што имаме предлози за разрешување на судии на Апелациониот суд во Скопје, Основниот во Кратово, Основниот во Тетово и двајца судии во Основниот суд во Кавадарци.

Согласно Уставот и Законот за судскиот совет, неприкосновено е правото на судскиот совет да предлага именување и разрешување на судиите, како што е исто така неприкосновено и правото на пратениците да гласаат за или против ваквите предлози, барем се додека ваквиот Устав со ваквите одредби е на сила, не навлегуваме во тоа дали е тоа исправно или не.

Досегашната пракса на работата на Собранието била секогаш кога судскиот совет предлага избор на судии да даде елементарно образложение зошто тоа се прави и во овие случаи досега судскиот совет во двата негови состави ја почитувал таквата пракса да даде кратко образложение, зошто се предлага соодветниот избор. Сега сме прв пат соочени со другата страна на медаљата од Законот, каде што Судскиот совет има овластување тоа да го направи. Се разбира ние не го спориме тоа право и не спориме дека Судскиот совет, согласно законот не е должен да поднесе образложение. Законот не го обврзува, што значи дека ова е во рамки на законот, меѓутоа, исто така сакаме да укажеме на фактот дека пратениците се исто толку, ако не и поодговорни. Меѓутоа, да го употребам изразот исто толку одговорни во сферата на именување и разрешување на судии. Од тие причини сметаме дека елементарните информации и елементарното образложение на Судскиот совет, кое верувам дека он го има за себе, должни сме да го имаме и ние за да би можеле да одлучиме согласно Уставот како

што одлучуваме и за именувањата и за разрешувањата.

Она што сакаме како пратеничка група да го истакнеме е следното:

Прво, ние немаме ан-блок, априори недоверба во она што го нуди Судскиот совет пред овој дом, меѓутоа, она што се случува на седниците, на пример Судскиот совет туку што доби повратен удар од Парламентот за не изгласување на негов предлог за претседател на Апелационен суд во Штип и судија на Врховен суд на Република Македонија, ни да ва за право да ја зголемиме својата одговорност и да не сакаме да донесеме одлука без немање никакви информации. Свесни сме за тежината на информациите со кои располага, меѓутоа во овој случај за нас непознати информации со Судскиот совет, како може да дејствува во извршувањето на функциите на овие луѓе.

Поаѓајќи од нашата одговорност во Уставот, поаѓајќи од тоа дека секој кој се нафатил да извршува јавна функција, како што е судиската функција, е должен да ја извршува стручно и совесно, а во овој случај само со тие два збора како што е по Законот, Судскиот совет да не информира дека се разрешуваат заради нестручно и несовесно работење, а и заради сопствениот дигнитет на пратеници од нашата пратеничка група, ние го повикуваме претседателот на Судскиот совет да ги даде елементарните образложенија, елементарното кредо, зошто ова се предлага и ние на тоа како пратеничка група нема да дадеме никаков, апсолутно никаков коментар, ниту ќе си земеме за право тоа понатаму да го елаборираме, истражуваме или незнам што. Меѓутоа, со тоа сакаме да создадеме позиција дека нашиот глас за предлогот на Републичкиот судски совет, ќе биде глас во рамките на законот. Ние тоа што ќе биде искажано ќе го почитуваме апсолутно и ќе ја поддржиме таквата работа на Судскиот совет, меѓутоа елементарно сакаме да слушнеме барем еден аргумент, не сметам дека пратениците за оваа работа треба да бидат лишени од информациите, кога носат вака значајни одлуки.

Се надевам дека и господинот претседател на Советот, кого го гледам во салата, има разбирање за ваквото барање на пратеничката група и дека елементарно се разбира не навлегувајќи во работи во кои тој мисли дека не треба да се навлезе на јавна говорница, меѓутоа да ни даде образложение зошто се предлага разрешувањето, затоа што во ваков случај можеме да создадеме пракса, во која ние буквално ќе бидеме, не претендирам дека ова е така, меѓутоа може да се создаде пракса во која пратениците можат да бидат манипулирани. Едноставно без информации да им се нуди, се додека Уставот е ваков каков што е, да ги носат одлуките. Затоа барам во име на пратеничката група, за сите пет точки да ни се даде кратко образложение.

Врз основа на вчерашните консултации кои ги направивме кај вас господине претседателе, нашата пратеничка група со оглед на бројот на пратениците во Парламентот е спремна, доколку тоа го побара претседателот на Републичкиот судски совет, да поддржи затворање на седницата за овие пет точки за да можеме да ја слушнеме информацијата, значи да ја исклучиме јавноста од причините заради кои претпоставувам дека и Судскиот совет тоа го прави и понатаму да продолжиме по другите точки во редовна процедура.

Значи, спремни сме и на тоа, доколку предлогот е даден.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

За збор се јави господинот пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би го замолил господинот Никола Поповски од интерес на колегите кои се предмет на расправа за нивно разрешување да го повлече предлогот, бидејќи сметам дека ќе наштети на нивната личност и на нивното понатамошно движење во службата и воопшто во животот. Тие не биле предмет на третирање кога биле избирани, освен генералите кои биле избирани без одговорност и затоа сметам дека е поцелисходно од интерес на колегите, да не се расправа. Инаку, ако навлеземе во таква расправа, ќе навлеземе во оцена на нивната вина, ќе оценуваме дали се стручни, дали се навистина одговорни, несовесни, а несовесноста е многу тешка квалификација, може некаде да се направи и од сакање и од не сакање, меѓутоа совесноста е многу лоша квалификација за постоење на одговорноста. Тоа е првиот дел.

Вториот дел, за стручноста дали ќе треба ние тоа да го оцениме или не, бидејќи доволно е една од овие причини да се спомне и да дојде до нивно разрешување.

Ако остане колегата на предлогот, јас го прифаќам вториот дел од него, седницата да биде затворена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Љубисав Иванов - Ѕинго побара збор.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Благодарам што ми дадовте збор и кога веќе се отвори ваква расправа, јас морам да го искажам своето мислење, затоа што, добро се сеќаваат сите колеги тука дека јас веќе 10 години се залагам за правна држава и за функционирање на судството како независна институција. Можеби многумина се сеќаваат кога го донесувавме Уставот, јас предложив Судскиот совет како институција или да не се оформи, да не постои, или пак ако веќе треба да постои, тој треба да биде независна институција и да ги избира судиите и судовите.

Јас уште тогаш имав чувство дека можеби овие институции ќе се партизираат. Да се вмеша внатре политика и дека ќе изгубат од својот углед и самостојност. Моето тогашно лично чувство јас можев да го осетам покасно, а особено и сега, каде што со поедини влијателни делувања на личности и партии доаѓа до ликвидација на поедини луѓе.

Јас исто така мислам дека во тој поглед треба да се размислува и во тој поглед треба да се осамостојува судството и ако имаме само такво судство во кое што имаме доверба, во кое што имаат доверба граѓаните, тогаш ќе можеме да функционираме како правна држава. Во спротивно тоа ќе не води во една анархија.

Се придружувам кон оние мислења, дека не треба сега да ги блатиме луѓето тука, да се појавуваат тужители и бранители и, затоа што тоа нема крај. Ако имаме самостојни судски тела, па и Судскиот совет ваквите процеси треба да завршуваат во тие тела и таму да се донесуваат одлуки, кои треба да се одраз на правите состојби и на вистините.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

Дами и господа пратеници за што станува збор.

Републичкиот судски совет има право врз основа на Законот, само со една реченица доставувајќи ни ја до Собранието, да се произнесе врз основа на расправата што ја воделе во Републичкиот судски совет да се произнесе за тоа дали ќе им предложи или нема да ни предложи одредени лица за избор на судии.

При тоа, ми се чини дека законодавецот, а тоа е ова Собрание, во оној момент кога го донесувал Законот, пред се го имал во вид фактот дека се работи за личности кои што и понатаму треба да продолжат да работат било во својата струка, било како адвокати, но можеби во некоја друга ситуација и повторно да бидат избрани за судии. Отворањето на расправата пред јавноста за тие констатации до кои што дошол Републичкиот судски совет мислам дека лично ќе го повреди достоинството, честа, личноста, не само на личноста, туку и на неговото семејство. Токму заради тоа, јас предложив, кога ова прашање господинот Никола Поповски го отвори на координацијата заедно со координаторите на пратеничките групи, за овие прашања сепак на затворена седница да биде известена Комисијата за избор и именување, бидејќи во таа Комисија имаме претставници од сите политички партии, опции во Собранието, потоа претставникот од таа политичка опција на затворена седница на пратеничката група да ги изнесе фактите кои што ги добил од страна на претседателот на Републичкиот судски совет, а да не расправаме пред јавноста и отворено.

Јас затоа, не би можел сега навистина да се согласам денеска да се отвори за секоја личност поединечно да се каже кои биле причините поради кои што Републичкиот судски совет за тоа така се определил. Тој и нема должност тоа да го направи спрема нас сега и на оваа седница и мислам дека би било добро ова прашање да го оставиме на овој начин да се решава на затворена седница на комисијата, каде имате претставници од сите политички партии, со дополнителни аргументи да се добие за секого и повторно на пратеничката група, на консултациите да се заземе став врз основа на тие аргументи. Лошо би било навистина денес да го замолиме претседателот на Републичкиот судски совет, тој е тука, да излезе и да говори за сите овие 4 - 5 личности, за кои денеска имаме предлог за разрешување.

Го молам господинот Никола Поповски, да ја прифати таа моја сугестија што ја дадов на координацијата и околу ова прашање да бидеме информирани на овој начин, а не овде пред јавноста.

Во таа смисла, господинот Александар Гештаковски тој е член на Комисијата за избори и именувања.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Бидејќи сум член, за правилно информирање на пратениците, а тука е и претседателот на Републичкиот судски совет, сакам да информирам.

Прво седницата на Комисијата за избори и именувања не беше ниту затворена, барем јас не учествував во затворањето, ниту на седницата на Комисијата за избори и именувања претседателот на Републичкиот судски совет даде образложение. Претседателот на Републичкиот судски совет кажа дека согласно Законот за Републичкиот судски совет, може да даде образложение и не мора. Републичкиот судски совет водел расправа дури и со гласање одлучиле на Собранието на Република Македонија, во случаите на разрешување да не му поднесуваат образложение, од причини за разрешување на судија постапката е долгорочна, треба претходна постапка и се работи за огромен број на материјали. Тоа беше. Претседателот на Републичкиот судски совет на мое инсистирање и на одредени членови, почна да објаснува за одредени судии за одредени примери, па како се разрешени. Ние и на комисијата, барем јас лично инсистирав да има образложение во даден случај барем во оние основни елементи, а доста е сурово и вашето укажување на овие луѓе со последици, начинот, нестручно и несовесно. Тоа е законско решение за разрешување и од него не може. И на тоа укажа Републичкиот судски совет. Инаку јас сум изненаден од делот во образложението на одлуката претседателот на Републичкиот судски совет дал образложение и седницата била затворена. Седницата беше свикана со телеграма, не присуствува новинари. Инаку образложението ако беше претседателот на Комисијата нека го образложи или во писмена форма требаше тој тоа да го изнесе. Ова сакам да го кажам за правилно информирање, тука е претседателот на Републичкиот судски совет. И тогаш јас кажав, за одредени прекршоци за разрешување на судија, знаете вие, вели дека ќе продолжи. Многу тешко ќе продолжи. Многу од разрешените судии со оваа квалификација која е законска утре ќе бидат адвокати, нема да бидат примени во адвокати. Тие ќе ги носат последиците, а правото не му го даваме, а опасен е и другиот дел на расправа. Доколку имаше одредено образложение на тие луѓе, ние како пратеници правилно да одлучиме, ќе ни дадеа одредени информации, па сигурно ќе се води расправа. Ова не е прв пат разрешување. И во претходниот Парламент ние сме имале разрешување и постапката беше многу јасна. Тогашниот Судски совет даде образложение, лицата кои се разрешуваат доаѓаа до пратениците, доставуваа материјали и во една расправа Парламентот, ние немаме никакви сознанија. Додека за избор се дава образложение, но со предлозите на Републичкиот судски совет морам да кажам се случува нешто чудно и опасно.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Претседателе, само околу тајноста на седницата на Комисијата за избори и именувања. Точно е дека на седницата на Комисијата за избори и именувања ќе се донесе формален акт седницата да се прогласи за затворена. Меѓутоа тоа го сторивме од причина што немаше потреба од донесување на таков формален акт да се затвори седницата за јавноста, бидејќи немаше ниту еден присутен од медиумите, ниту било кој друг надвор од членовите на Комисијата за избори и именувања.

Според тоа, во една таква атмосфера кога на седницата присуствуваа само членови на Комисијата за избори и именувања, претседателот на Републичкиот судски совет беше слободен и комотен да ги изнесе причините за конкретно предлагање на разрешување поради нестручност, односно несовесност во обавувањето на судската функција. Според тоа, мислам дека суштината беше присутна. И она што е дадено до пратениците во форма на мислење од страна на Комисијата за избори и именувања потполно кореспондира и ја одсликува атмосферата и суштината што се одвиваше на седницата на Комисијата за избори и именувања.

И во вториот пасус од мислењето во оние случаи каде што се предлага разрешување на судија поради нестручност и несовесност стои: на седницата на комисијата, која беше затворена за јавноста, ова "затворена" мислам дека условно го сфаќате како што го објаснив, претседателот на Републичкиот судски совет ги образложи причините поради кои се предлага разрешување на односниот судија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веројатно во вид на реплика господинот Гештаковски бара збор, или сакате да учествувате во расправата.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Одредени манипулации со работата на комисијата, бидејќи овде е претседател на едно работно тело и координатор на пратеничка група, со жалење ќе го кажам,

новинарите не беа поканети, затоа не присуствуваа, не се донесе формална одлука, ниту имаше намера, ниту мислеше некој да ја затвори седницата, ниту се затворила седницата. Претседателот на Републичкиот судски совет јасно и гласно кажа: образложение не ми е дозволено да давам, бидејќи Републичкиот судски совет така одлучи со гласање. Во неврзан разговор, на инсистирање, ниту образложениeто, јас бев против, од овие причини. Тука е претседателот на Републичкиот судски совет, сигурно тој ќе објасни зошто не дава образложение. Инаку сето ова што кажував господине Чедо Петров, не е во ред и бидејќи бев така повикан, комисијата беше закажана со телеграма, бев и замолен да присуствувам во Законодавно - правна комисија, мислам дека не е фер и не е во однос на изнесување на вакви инсинуации.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас кога говорев на координацијата, мислев за во иднина.

Јас не ги знаев овие состојби и ситуации и за во иднина да се решава на тој начин.

Мислам има уште доста пријавени за расправа.

За збор се јави госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ќе бидам сосема кратка, ние навлеговме вака можеби ан пасан што би рекле Французите, во една многу сериозна состојба и за жал за мене многу би рекла можеби не недолична, меѓутоа не добра за нашево Собрание, од причина што се втурнавме во состојба да даваме оценка за работата на Републичкиот судски совет, кој што претставува највисока инстанца во една од властите, тоа е третата власт, судската власт и тие оценки да ги даваме вака без никакви аргументи, а особено последново од причина што се рече: нешто чудно се случува во Републичкиот судски совет.

Прво, не сум член на Комисијата за избори и именувања и многу ми е драго што претседателот на Републичкиот судски совет господинот Рафаил Черепналковски ја дал таа изјава, дека конечно самиот Судски совет одлучил и тоа со гласање, а не треба да заборавиме дека сепак таму седат истакнати врвни правници, кои што ги познаваат елементите за работа на еден судија, дали се во согласност со законот и воедно Уставот, кои што можат мериторно да одлучат дали за оваа работа треба да се говори јавно, или тајно. Несомнено и правото на пратеничката група да бара, бидејќи тоа Деловникот ни го овозможува да една седница се затвори. И ако таков предлог формално правно од страна на координаторот на пратеничката група уследи, веројатно ќе го усвоиме. Меѓутоа, она што сакам да го истакнам е, дека етичките норми на кои што се однесувал еден Републички судски совет, треба да бидат почитувани како што можеби и не мора на нив и тој самиот да се осврнува, од причина што единствените функционери во оваа држава, кои што скоро дефакто имаат доживотна моќ, тоа се судиите. И правото на ова Собрание е да ги разрешува. Можеби, Собранието во согласност со одлуката на Судскиот совет, навистина дејствува етички и покрај тоа што во некој период, можеби ќе треба јавно да говориме за сите судии кој, како ја врши својата работа од причина што тоа е една трета власт, која што велиме постојано дека треба да биде независна, од причина што имаме навистина врвни судии, судии кои што се многу малку платени, меѓутоа и кои судии во самите свои излагања ќе ви кажат дека не сакаат да седат во заеднички канцеларии со други свои колеги, од причина што се огрешиле во својата работа. Така што оваа етичка норма, останува да виси над ова Собрание. Сметам дека во конкретниов случај, треба да ги почитуваме она што го искажал на своја јавна седница Републичкиот судски совет, меѓутоа повторно останува енигмата да не треба да се плашиме од отварање на јавните расправи.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, искрено да ви кажам дека сум многу загрижен како толку лесно ние можеме да газиме по достоинството на судиите и личноста и т.н. Мора да се сложите со еден факт, тоа е дека овој е доста чувствителен сегмент и не би требало да се премине толку лесно кон ова прашање. Имено, се работи за важен сегмент на правната држава, на државната власт, независното судство и не можеме ние да пресудиме само врз основа на две реченици дека лицето, или судијата несовесно и нестручно ја обавува својата функција, од причина што немаме никаква дополнителна реченица која ќе ни образложи што стојат зад тие две реченици, кои се дадени од страна на Судскиот совет. Од тие причини, јас мислам дека ние немаме никакво морално право да газиме на достоинството на судиите, на луѓето, на нивниот личен дигнитет и од тие причини јас барам поопширно образложение и го уважувам вашето барање со забелешка,

дека тоа би требало да се направи овде во Собранието на Република Македонија, со исклучување на јавноста. Затоа можеме многу лесно да се договориме, од причина што на секој ќе му дадеме можност да поднесе вака, дека се работи за политички причини, баш сега пред изборите се сака да се заплашуваат судиите, кои ако не се смени законот би требало да бидат претседатели на изборните комисии за локални избори. Лично јас поаѓам од една реалност и дилема која не можам да ја разрешам. Имено, дали да гласам за, или против. Ако гласам за нивното разрешување, а нема непобитни факти, затоа што немам информации што всушност стои позади тоа, тогаш практично јас сум одговорен за тоа. Ако гласам против, можеби има навистина релевантни факти, за кои би требало да се гласа за нивното разрешување, меѓутоа јас гласам против поради недостаток на информации. Јас сум за тоа господине претседателе да не се исклучува јавноста и претседателот на Судскиот совет да не информира тука за што се работи, од причина што сепак судството е важен сегмент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам ка господинот пратеник Мерсел Билали.

За збор се јави господинот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, прашањето е прилично чувствително, се разбира за Републичкиот судски совет за нас како Собрание, меѓутоа последиците се многу тешки би рекол за некои катастрофални пред се за судиите. Јас не сум сигурен дека со ваква дисквалификација, со ваква оценка на Собранието, дека се разрешува некој од судска функција поради нестручност и несовесност, дека може да биде адвокат, или дека може да конкурира на некоја одговорна правна работа. Значи, тука да не се залажуваме. Меѓутоа, одговорноста сепак на ова Собрание е најголема, бидејќи тоа ги избира судиите, тоа ги разрешува судиите. Мора да располагаме со минимум релевантни информации за да можеме да се одлучиме. Шефот на пратеничката група на СДСМ пред малку спомна, ова Собрание не прифати два предлози на Републичкиот судски совет за избор на претседател на Апелациониот суд во Штип и за судија на Врховен суд. Меѓутоа, никој тука не кажа поради кои причини гласаа така како што гласаа, бидејќи гласањето беше тајно. Значи тие луѓе веќе се дисквалификувани. Што сакам да кажам. Ние можеме да веруваме, или не можеме да веруваме на предлогот на Републичкиот судски совет. Немаме трета алтернатива. Ако гледам од составот кои се во постојниот состав на Републичкиот судски совет, говорам за некои од судиите и врз основа на тоа како е составен Републичкиот судски совет, јас априори не можам да верувам на Републичкиот судски совет. Заради тоа бараме елементарни информации за да не се посегнува лесно по дисквалификација на судиите, бидејќи ова пред малку мојот колега што го говореше апсолутно стои. Ако одиме и понатаму со тенденција, ова е страшен преседан во работата на Собранието априори, а се почитува предлогот на Републичкиот судски совет, кој што е составен врз основа на политички договор на коалиционите партнери во власта. Тоа значи дека може да се отвори процес на дисциплинирање на судиите, на сите судии. И ние овде можеме преку секој предлог да поминеме, поддржувајќи го предлогот на Републичкиот судски совет без никакво информирање како пратеници за наредните две години да ги разрешиме сите судии, кои што не се по волја на владеачката коалиција. Тогаш дали се работи за градење на правна држава, за сигурност на луѓето во правниот систем и особено во мошне одговорната судска професија. Затоа јас го поддржувам господине претседателе вашиот предлог. Сепак мислам дека Комисијата за избори и именувања е едно тело, во кое што може отворено без присуство на јавноста да се разговара и ние ќе бидеме информирани како пратеници од претставниците на сите пратенички групи во оваа комисија, бидејќи отварањето на расправа пред Собранието за квалитетот на работата на судиите чие разрешување се предлага, сепак на извесен начин ќе значи проблематизирање на нивната судска функција. Мислам дека може не одмерено со расправата да дојде некој дури не сакајќи да ги дисквалификува и поединечно и нивниот кредибилитет, личност и т.н., што последиците ќе бидат многу поголеми, поштетни и за Собранието и за поединците.

Затоа јас исто така го поддржувам тој предлог сега да не се расправа по овие точки. Комисијата за избори и именувања да одржи седница, а претседателот на Судскиот совет, пред членовите на Комисијата да ги образложи сите причини поради кои се бара разрешувањето на судиите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Најубавото решение го имаме, не треба да го измислуваме. Постои во светот многу јасна дистинкција помеѓу законодавната и судската функција. Нам ни е потребно да го примениме Уставот и да оставиме Републичкиот судски совет најстручно и најкомпетентно со еден состав, каде што и ние делумно ќе бидеме застапени да може да одлучува целосно и за изборот и за разрешувањето и да не не оптоварува со овие прашања. Но, тоа велам е прашање на промена на Уставот и ние постојано ќе ги имаме овие проблеми, затоа што сме политички структуирани во овој Парламент. Но, велам тоа за решавање понатаму. Сега да видиме во оваа ситуација како да излеземе. Има и други кои веројатно ќе ни дадат свое мислење.

За збор се јави потпретседателот господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да кажам два збора, не во заштита на личностите за кои треба да расправаме, во заштита на функцијата судија. Некои колеги овде говореа, еве Судскиот совет падна, затоа што не му беше прифатена одлуката, односно предлогот, одам по таа формула што некои од пратениците ја кажаа. Што ќе биде ако ние расправаме, па не се прифати предлогот на Судскиот совет и да не ги разрешиме овие судии. Што со нивното дејание кое го направиле, ако го направиле. Тие ќе бидат одговорни, сто пати да ги оставиме на местото каде што се, не можат да вршат функција, затоа што тие ќе излезат на јавен срам. Она што го направиле, не го направиле, ќе биде оцена па има казна разрешување, или да му се даде можност со не гласање да му се даде можност да се поправи. И сега давањето можност да се поправи, ние му го даваме преку јавност дека тој човек не чини. Во таа смисла сакам да не се расправам. Инаку, колеги, во одговорноста на судиите е многу лесно да се најде причина. Никој не е совршен. Во самата работа има предвидени рокови кои се пропуштаат дали објективно, дали субјективно, дали со сакање, без сакање настапуваат, настапуваат последици после тоа, тие последици се и за едната и за другата страна. Во судот секогаш има еден оштетен. Таму не се суди на судии, таму се суди на странки. Едната странка со пропуштено дејствие ќе падне во тоа дејствие со правата. И затоа ве молам да не расправаме за достоинството на тие судии, тие биле судии. Ако се прифати расправање, тоа ќе биде на нивна штета. Ве молам, сум бил судија и знам што значи тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Тито Петковски бара реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво сакам да кажам, дека немам никаков аргумент да се спротивставам на предлогот на Републичкиот судски совет. Значи ми останува да му верувам, или да не му верувам. Јас реков дека не му верувам, а од кои причини кажав пред малку.

Втората причина зошто барам или затворена седница или Комисијата за избори и именувања да заседава, да бидам малку еднакво информиран, како мојот колега Стојановски. Тој знае дека ќе биде лошо по судиите ако расправаме, јас незнам, не знае никој од мојата пратеничка група.

Поради тие причини треба да имаме релевантни информации, како пратеници за да можеме да се одлучиме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Тито Петковски.

За збор се јави господинот пратеник Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, се јавувам во својство на член на Комисијата за избори и именувања. За волја на вистината треба да се каже едно. Мене ме изненади колегата Гештаковски затоа што и двајцата, и јас и он баравме образложение од претседателот на Републичкиот судски совет и добивме образложение за сите судии поединечно. За време на траењето на состанокот на Комисијата немаше новинари, беше затворена, незнам од кои причини, сега дали не беа повикани, важно не беа присутни, меѓутоа добивме детално обавестување за постапката за секој судија како се врши постапката и што се налази се најдени во таа постапка за секој судија поединечно. Према тоа, сите пратеници од поедини партии требаше своите пратенички групи да ги обавестат за содржината и за грешките на сите судии што се разрешуваат.

И мислам дека тоа е направено, така да и господинот Петковски, ако го обавестил неговиот пратеник, ќе знаеше и тој немаше да дискутира сега.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Данило Глигоровски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има г-динот Гештаковски на неговото излагање.

Извинете г-дине Глигоровски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Седницата на Комисијата за избор и именување не беше затворена. Ни беше побарано и не се затвори, па го повикувам г-динот Анушев образложението кој тој го слушна и го даде претседателот на Републичкиот совет, ако му го пренесе на неговата пратеничка група, нека го пренесе и на нашата пратеничка група. Или претседателот, ни образложение беше дадено, туку беше разговарано во кои услови по завршување, па имало скриен предмет, некој си судија, за колешката која е од Кратово, ни беше спомнато, кажа претседателот и се изјасни и адвокати на Чедо Кралевски, мислам дека не му требаат. Г-динот Анушев, отворена беше седницата, ја информираа пратеничката група, образложението нека го напише и нека го изнесе на оваа седница. Јас тврдам и тука е претседателот на Републичкиот судски совет, сигурно ќе каже. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Гештаковски.

Г-динот Анушев Љупчо реплика.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Сега, мене ми е непријатно на таква пратеничка група да и го делам образложението, меѓутоа, сигурно знам, а тука не бевме само ние двајца, тука е и претседателот на Републичкиот судски совет може да потврди за кои судии ни образлагаше, кои се нивните пропусти. Сега, не сакам да именувам, лично знам за кои судија прашав, а тоа што го слушнав на Комисијата од претседателот на Републичкиот судски совет, навистина би било непријатно да го слушнеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Љупчо Анушев.

Збор има г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, овдека беа изнесени две тези, кои од политички карактер јас апсолутно не се сложувам со нив и затоа се јавив да реагирам. Имено, беше изнесена една теза дека се гази достоинството на судиите, а во исто време пратеникот што го искажа тоа побара да слушне од кои причини биле разрешени или предложени. Имало контрадикторност. Значи, прво, се кажува обвинувањето, се гази по достоинството и т.н., а после тоа незнам од кои причини, дајте да ги слушнеме. Од каде знаете кои се причините, кога велите дека не ги знаете. Можеби ќе испадне дека не се гази достоинството.

Втора работа дека се разрешуваат судии во очи локалните избори. Републичкиот судски совет донел одлука, односно Републичкиот судски совет е составен од најеминентни стручњаци, кои се долги години во правото и работат на таа проблематика и на некој начин да се потценува до тоа ниво нивната работа, нема логика, освен политичкиот маркетинг, демек, сега во очи изборите се разрешуваат судии.

Инаку, токму кога станува збор за Републичкиот судски совет беше изнесена една нелогичност, една контрадикција. Пред малку г-динот Петковски ја спомна таа, меѓутоа, малку поинаку интерпретирана. Имено, вели дека големо е политичкото влијание во тој Републички судски совет. Ако беше така, зошто не им помине една одлука. Нели сега гласавме и не им помина. Има контрадикција во тоа. Значи, не е токму така како што велите, дека е пресудно политичкото влијание. Последиците беше искажано, дека биле најтешки по судиите. Всушност, дел од дискусијата од г-динот Анушев ми ја зеде, така што ние пред малку имавме координација и таму ни беа пренесени информациите што биле дискутирани. Незнам зошто вас не ви биле пренесени тие информации. Нас, на пратеничката група пред малку имавме координација, ни беа пренесени образложенијата кои што биле кажани таму на Комисија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Данило Глигоровски.

Реплика на Глигоровски има г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека најголема недоверба кон Републичкиот судски совет пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и се разбира мнозинството демонстрира токму на оваа седница. Со непочитувањето на предлогот за избор на претседател на Апелациониот суд во Штип и со исто така отфрлањето на предлогот за избор на судија на Врховниот суд. Значи, нема априори да се почитуваат ставовите и предлозите на Републичкиот судски совет. Меѓутоа, за

разлика од тоа што некои во пратеничките групи слушнале поради кои причини се предлага разрешување на судиите кои се на дневен ред, ние немаме никаква информација поради кои причини тоа се прави како пратеници. Нашата одговорност, мојата и на г-динот Данило Глигоровски е сосема иста. Ние треба овдека да одлучуваме, а немаме елементарни информации за начинот на кој што ќе се определиме да одлучиме дали некого да разрешиме од судија, тоа е многу чувствително прашање. Тоа е така, бидејќи е биран до крајот на работниот век за судија и тој повеќе не може како правник да биде употребуван. Заради тоа, нам ни треба елементарни информации. А, ќе повторам и со тоа ќе завршам. Нема ниту никаква причина да се сомневам во одлуката на, во Предлогот на Републичкиот судски совет, освен што е политичка причината. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Му благодарам на г-динот Тито Петковски.

Збор има г-динот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Благодарам. Сакам одлучно да застанам на страната на сите оние што се залагаат за почитување на личноста и достоинството на човекот и на судиите и на сите избрани, именувани и не избрани и наименувани луѓе. Според тоа, направив сериозен обид да сфатам дали парламентарното мнозинство му верува на Републичкиот судски совет или не. Зашто не е, спорно дали јас верувам или не. Тоа не е ни битно. Не може за овој случај да се тврди дека ние априори дека треба да имаме доверба во мислењата, одлуките и предлозите на Републичкиот совет, а само пред десетина минути истото тоа парламентарно мнозинство искажа голема недоверба спрема тие одлуки и предлози на Републичкиот судски совет.

Навистина ми се допадна вашиот предлог, г-дине претседател, за оваа работа да се повлече сега од дневниот ред. Нека се направат дополнителни консултации во пратеничките групи, затоа што и јас спаѓам во редот на оние пратеници што немаат информации. Некому положбата му дозволува да има повеќе информации, а некои пратенички групи, веројатно, добиваат информации од други канали. Јас ги замолив моите колеги што членуваат во Комисијата за прашања на изборите и именувањата за да ми дадат некои дополнителни информации што ги чуле таму и ми беше речено дека претседателот на Републичкиот судски совет, од прилика се изразил некој судија, на пример ако направил ова или она, па заради тоа може да биде разрешен и тоа да биде подведено под нормата за несовесно и нестручно вршење на работите. Уште еднаш повторувам, г-дине претседателе, повторете го вие уште еднаш вашиот предлог, повлечете го ова прашање, дајте ни дополнителни објаснувања, кои не мора да бидат објавени и да се произнесеме по предлогот на комисијата, односно Републичкиот судски совет. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Абдурахман Алити.

Дами и господа пратеници, ние имавме договор во 14,30 јас да дадам пауза до 15,30 за ручек, за одмор, а и Владата има седница денеска. Таа ќе си го искористи времето за седница.

Сакам едно да ви кажам. Јас исто така инсистирам на тоа, на оваа седница повторно да ги разгледуваме овие предлози, не се толку од итен карактер, Комисијата за избори и именувања уште една седница и така треба да одржи по една претходна точка, претседателот на Републичкиот судски совет да ги даде аргументите по детално и понатаму на оваа седница после некоја точка, како што ќе расправаме, да одлучуваме. Зошто сега да се надмудруваме овде, имаме уште многу дискутанти за, против, и т.н., туку би било најдобро така.

Јас го молам претседателот на комисијата да ги одложиме овие 4, 5 предлози за понатаму на оваа седница.

Збор има г-динот Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, се сложувам со предлогот на претседателот на оваа седница да се одложи одлучувањето по однос на овие точки за подоцна.

Меѓувреме, Комисијата за избори и именување да се состане, да биде елаборирано од претседателот на Републичкиот судски совет, причините за предлог за разрешување поради нестручност и несовесност на тие соодветни судии, а седницата да биде од затворен карактер. Незнам сега деловнички тоа како ќе биде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие ќе си одлучите на самата седница, ќе биде присутен и претседателот.

Според тоа, овие 4, 5 предлози, колку ги имаме, ќе ги разгледаме понатаму, откога ќе добиеме дополнителни информации, се разбира, пратениците во рамките на пратеничките групи, за да може да одлучуваат. Сега, пауза од еден час до 16,10 минути.

(По паузата седницата продолжи во 16,25 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Се враќаме на точката 16 од дневниот ред - Предлог на одлука за изменување на одлуката за именување претседател, членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, пред паузата координаторот на СДСМ Никола Поповски, побара од мене како претседател на Комисијата за избори и именување да го корегирам предлогот доставен до Собранието во врска со предлогот за именување за член на Државната изборна комисија на Трајко Велјановски, дипломиран правник потсекретар во Министерството за правда, со образложение дека неговата функција е неспоива со членувањето во Државната изборна комисија. Меѓутоа, по консултација со член 5 од Законот за локални избори кој член, односно законска одредба беше цитирана како правен основ за неспоивост на функцијата потсекретар во Министерството за правда и член во Државната изборна комисија, ние воочивме и јас мислев дека и Никола Поповски ќе се јави за да го повлече предлогот, да не дојде ни до гласање, бидејќи точно тој член дозволува членување во Државната изборна комисија, а тој член се однесува на неспоивост на функцијата градоначалник, односно член на Градскиот совет, со функцијата вработен во државен орган.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе јас му соопштив на шефот на комисијата во паузата, ако е потребно еве од наша страна е дојдено до погрешно толкување на законот и заради тоа го повлековме предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи нема спор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не. Едноставно погрешно сме го толкувале законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

73 пратеници гласаа за, 3 се воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за именување претседател, членови на државната изборна комисија, секретар и нивни заменици.

Минуваме на точката 21 - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се поделени, односно доставени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор.

Има збор претседателот на Комисијата за избори и именувања, господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, и по оваа точка од дневниот ред побаравме пауза за да се состане Комисијата за избори и именувања на која да кажам повторно ќе побараме образложение, односно елаборација од претседателот на Републичкиот судски совет по однос на причините за нивниот предлог за разрешување од судската функција на одредени судии. Тоа и го сторивме за време на паузата Комисијата за избори и именувања се состана. Комисијата донесе одлука седницата да биде од затворен тип, но за жал на седницата на комисијата оние што го иницираа овој проблем и ова прашање да се подвргне на повторна елаборација предлогот од страна на претседателот на Републичкиот судски совет, односно членовите на комисијата од Социјалдемократскиот сојуз не присуствуваа, не дојдоа на седницата. Јас многу жалам за таа нивна постапка, затоа што заклучувам дека од декларирана конструктивна опозиција, тие преминуваат во фактичка опструктивна опозиција. Но, ние си ја завршивме работата онака како што се договоривме. Членовите кои присуствуваа на седницата на комисијата донесоа мислење, заклучок, идентично како и на претходната седница, бидејќи

фактички беше повторена претходната седница на Комисијата за избори и именувања.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, само еден краток коментар на излагањето на претходниот дискутант. Точно е тоа дека за време на паузата како и сите пратеници така и ние бевме во ресторанот. И морам да ви кажам дека секретарот на Комисијата дојде за време на обедот да не информира, дека сега веднаш се закажува седница на Комисијата за избори и именувања и да бидеме присутни таму. Ние рековме дека тоа може малку да почека барем за половина час, или во текот на утрешниот ден, бидејќи сметавме дека нема никаква причина за некое избрзано донесување на одлука или воопшто расправа на Комисијата. Од тие причини не бевме присутни. Мислам дека со индигнација ги отфрлувам сите инсинуации од страна на координаторот, дека станува збор за опструктивно, незнам какво однесување на членовите на СДСМ во оваа комисија и останувамe на предлогот што претходно на некој начин шефот на пратеничката група го истакна. Ако е донесен таков заклучок на затворена седница, во ред, ние ќе земеме учество во таа расправа, доколку претседателот на Републичкиот судски совет ќе даде исцрпно излагање. Меѓутоа, за волја на вистината јас морам да кажам дека самиот начин на вака набрзина свикување на седница и држење на седницата без наше присуство, зборува од друга страна за некои други намери, а не за ова што треба да се направи.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас останав овој ден без мојот обед и не ми е многу жал за тоа.

Исто така, бев спречен да присуствувам од самиот почеток на комисијата и таа според тоа колку што јас знам почна со работа барем 20-тина минути, ако не и подолго откако беше свикана. Не гледав некоја вистинска причина за не присуство. По малку и ми е жал, иако сметам дека наводите кои што ги даде претседателот на Републичкиот судски совет се еднозначни, станува збор за формално нарушување на обврските од страна на наведените или од страна на судиите кои сега се предложени да бидат разрешени. И оттука мислам дека оваа тема можеме да ја завршиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Јордан Бошков за учество во расправата.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Комисијата си останува на својот став.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

(Реакции од пратениците на Социјалдемократскиот сојуз).

Јас незнам како воопшто во оваа ситуација, кога се одржала седница, вие сте си ручале, доцна било да се појавите.

Сега повторно барате да се одржи нова седница.

Комисијата ја свикал претседателот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Од излагањето на претседателот на комисијата, јас заклучив дека комисијата донесе заклучок претседателот на Републичкиот судски совет на затворена седница на Собранието да образложи, ако не да појасни, така се изјасни, да ни ги образложи елементите и ние да одлучуваме. А вие сте должни тој предлог согласно Уставот да го ставите на изјаснување, доколку се изјаснат 81 пратеник седницата ќе ја затвориме.

Тоа беше предлогот на претседателот на Комисијата за избори и именувања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претседателот на Комисијата рече дека одржале седница, била затворена седницата, немало присутни од СДСМ, а биле повикани и дека си останува на истиот предлог. Ние сме доведени во една таква ситуација Претседателот на Републичкиот судски совет е тука, ако цени дека треба да се јави и да даде некои општи напомени, јас би му дал збор со задоволство.

Има збор господинот Рафаил Черепналковски.

**РАФАИЛ ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе, дами и господа пратеници, да расчистиме ве молам, може да се случи незгодно да одлучуваме.

Првите два предлога за разрешување и тоа на Никола Стојанов, судија на Апелациониот суд во Скопје и Васил Настев, судија на Апелациониот суд во Битола се по нивно барање, ве молам тука да водиме сметка.

Второ, Републичкиот судски совет на Собранието му поднесе утврдени предлози за разрешување на четворица судии, поради несовесно и нестручно работење. Можам да ви дадам податоци дека долго време и сериозно расправаше Судскиот совет, дали на Собранието да му поднесе предлог, утврден предлог за разрешување со образложение, или без образложение. Достаточно се елаборираше таа работа, сега да не повторувам. Накратко, судскиот совет заклучи дека не што нема обврска да поднесе причини за предлогот што го утврдил, туку дека може да се случи многу непријатна и лоша положба, со тоа што ако судијата за кој е утврден предлог за разрешување Собранието не го разреши, а излезат на виделина сите товари што судскиот совет му ги става на товар. Во тој случај дали тој судија натаму ќе го има авторитетот да биде судија и т.н. Најкратко причините поради кои што судскиот совет утврди предлог за разрешување, ве молам, ниту се политички, ниту се од било која друга природа освен од една единствена природа, а тоа е уставната обврска, законската обврска судијата да ја врши функцијата совесно и стручно. И таму каде што судскиот совет ќе утврди сериозно со факти, со докази дека судската функција се врши нестручно и несовесно, ќе утврди предлог за разрешување и сега и во иднина. Ве молам, многу тешко ми паѓа кога слушам дека овие предлози од Судскиот совет се третираат со некоја политичка позадина, или со политичко влијание. Не е политичка позадина обврската на судијата да суди по закон и по совест. Уставот, Законот и Меѓународните договори се основата по кои треба да постапува судијата. Ако излезе од таа рамка назад, ако не ги штити правата, слободите и законските интереси на граѓаните, тој судија сам себе се довел во положба да не ја врши судската функција како што има задача и дека ќе биде секогаш третиран и по третман на судскиот совет. Не може дами и господа судии да не утврдиме предлог за разрешување ако судија девет години чува предмет во фиока, без да преземе ниедно дејствие. Донесена е пресуда, укината од Апелациониот суд, донесена втора пресуда, укината од Апелациониот суд, третпат пресуда е донесена после девет ипол години, девет ипол години предметот седел во фиока. Нема политичка позадина таму. Има само факт дека е неодговорност до тој стапен, да не може натаму да се толерира. Ве молам, имајте во вид кога сето ова се случува, кога сето ова го зборувам, ги имам во вид сите судии кои чесно и совесно и тоа под многу тешки услови со недостиг на материјални средства, со мали плати чесно и совесно да си ја вршат работата. И секој што мисли дека со овие утврдени предлози Републичкиот судски совет ги заплашува судиите, не е во право.

Напротив, ги охрабрува оние чесни и совесни судии да си ја вршат својата работа. Ако на некој судија во тек на две години по годишните извештаи од сите пресуди што ги донел 75% му се укинати, а тоа се факти, тоа не се нечии мисли, или нечија политичка преокупација, тоа се факти 75% од 100% пресуди во текот на годината само 20 се потврдени. Граѓаните кои што чекаат остварување на своите права, заштита на своите интереси се подвргнати по неколку години, по неколку пресуди донесено, укинато, донесено укинато и т.н. Не е тоа стручна работа и не е ни совесна работа. Судија кој што си допуштил во записник за јавна расправа по завршувањето на јавната расправа, по потписот на записникот од страна на судијата, поротниците, дактилографот и странките и полномошниците да допишува во записникот одредена содржина со определена цел за начинот на решавање на предметот, тој судија не е совесен и не е стручен. Не можеме тоа да го допуштиме. Судија кој што суди во еден оддел во судот, во граѓанскиот оддел си зел за право да појде во извршниот оддел неовластено, недопуштено да земе предмет сам да го решава, затоа што како што рече пред сите нас, како што изјави и како што напиша му бил пријател и да го фаворизира тој предмет и т.н., и после неговото изземање со решение на Претседателот на судот, повторно да постапува неовластено и самоволно, не може да биде стручен и совесен судија. Судската функција ја врши спротивно и на Уставот и на законите. Судија на кого што 69% од предметите, пресудите во текот на две години му се укинувани, не може да биде судија, не затоа што државата е изложена на трошоци за плати, туку за нешто друго дами и господа пратеници, затоа што граѓаните ја немаат нужната заштита што ја гарантира Уставот, што ја гарантира законот, што ја гарантира државата. Ние имаме една состојба кога луѓето се веќе крајно резигнирани, разочарани, по неколку пресуди за една едноставна работа се носат. Сите факти врз кои се темелат предлозите што ги утврди Републичкиот судски совет, се овие со месеци ги испитувавме, со месеци работиме. Не е тоа ничиј хир, ниту нечија волја. Проверуваме многу факти, многу отфрламе,

но таму каде што ќе дојдеме до ваков заклучок не може судскиот совет да помине и да се помири со фактот, дека таков судија треба да продолжи да работи, уште повеќе за граѓаните, уште повеќе за неговите колеги. Можам да ви речам, дека лично имам поплаки од колеги, од судии кои што сметаат дека се изврgнати на порuга, иако чесно си ја вршат работата, заради тоа што некои нивни колеги нечесно постапувале, нестручно постапуваат, несовесно постапуваат.

И ќе заминам од Собраниево со една горчина, а не можам да не кажам.

Право е дами и господа пратеници, дали ќе му верувате на Судскиот совет или не, но однапред декларирано не доверба на Судскиот совет е многу лошо.

**РАФАИЛ ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ:** (Продолжение)

Судскиот совет е институција на државата. Без оглед кој како е избран за член на Судскиот совет, таа е институција на државата и треба да се почитува. И, многу лошо ќе биде ако овде, а се промовираше, мислење дека Судскиот совет сега води постапка да заплашува судии. Зошто? Зошто би ги заплашувал Судскиот совет судиите? Ве молам ајде да го поставиме тоа прашање. Зошто да бидат судиите заплашени од тоа што Судскиот совет се обидува тоа што ќе утврди дека е нередовен, нестручен и несовесен, треба да си оди.

Се спомна и многу ми е тешко дека Републичкиот судски совет е на коалицијата. Ве молам, немојте. Моето чувство како член на Републичкиот судски совет и како претседател на Републичкиот судски совет не и ни коалициско, ни ВМРО-овско, ни Демократско-алтернативно, никакво. Моето чувство и мојата работа е исклучиво во функција на она што го реков, Уставот и Законот и никакви политички влијанија ниту имало, ниту ќе има во Републичкиот судски совет, бидете сигурни. А, многу е незгодно, и многу лош поттик дава мислењето дека постапката на Републичкиот судски совет со Предлог за разрешување, има политичка заднина. Во тој случај се поставува прашањето, следното. Дали судиите се навистина независни или се политички ангажирани на една или друга политичка партија. Тоа мислење би било поразно, оти сум убеден дека судиите во својата работа, остварувајќи ја својата функција, ниту политички партии, ниту политички определби покажуваат.

Сите 4 членови. Сите 4 случаи што се пред вас, се, главно, со утврдени факти, како што реков, врз основа на предмети, врз основа на постапување на предмети. Во ни еден случај не е ценето однесувањето на судијата надвор од судот и надвор од предметот. Во ни еден единствен случај. А, судија, кој што се осмелува да спроведе, да донесе одлука со која на еден граѓанин ќе му исече овоштарник без основа и тоа треба да го плати државата, а сега ќе го плати, тој судија и таков судија ќе си дојде одговорноста на Републичкиот судскиот совет што ја пропишал Уставот, законот, Законот за Судскиот совет и сите други акти. Благодарам. Ако сакате друго подетално објаснување на комисијата ги дадов тие објаснувања, а сега сум спремен евентуално и на друг начин да кажеме, само сакам да ми верувате на зборот дека ни една позадина во случаевиве нема, освен она тврдо прашање на совесноста и на стручноста во постапувањето на судиите. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Републичкиот Судскиот совет.

Сега ние можеме да водиме расправа и понатаму по овие прашања.

Гледам има доста пратеници кои се пријавија за расправа.

Имаме веќе 4 што се овде пријавени на екранот и кој сакаат да говорат, а се пријавуваат и други. Очигледно е дека сакаат да водат расправа каде што после излагањето на претседателот на Републичкиот судски совет и сите укажувања што ги имавме, ние ќе навлеземе во една друга сфера, која не е наша и каде не смееме. Внимавајте, не се ова наши внатре партиски парламентарни и други расправи. Се работи за една сосема нова, мислам се работи за една сосема независна власт и немојте сега да ја впрегнуваме таа власт......

(Меѓувреме, во салата влезе господинот Амди Бајрам и неговото поздравување со премиерот Љубчо Георгиевски и Васил Тупурковски предизвика реакција кај сите пратеници).

Дали треба да дадам 15 минути пауза, за да се поздравите со г. Амди Бајрам, или што да направиме сега. Ако треба да дадам 15 минути пауза, кога ви е побитен Амди Бајрам, од тоа што јас овде го говорам.

Јас ова не можам да го сфатам и ова е несериозно. Ова е навистина несериозно,

а вие господине Амди Бајрам, седницата е почната, во тек е и ќе ве молам овие поздравувања овде сочувајте ги за надвор. Каде доцните денеска, нема што понатаму за тоа да се расправа.

Ќе ве молам, половина час давам пауза, за да се поздравите.

(По паузата). (Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија Томислав Стојановски).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Исполнети се условите за продолжување на седницата на Собранието.

Ве молам, ќе продолжиме со пријавените пратеници за дискусија. Тројца се пријавиле, а сега гледам некои се одјавуваат.

Останува Слободан Даневски. Повелете господине Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, претставници на власта, т.е. министри.

Денеска дискутиравме околу работата на Републичкиот судски совет. Така испадна целата дискусија, затоа што дел од пратениците се сомневаа во компетентноста, стручноста и совесноста на Републичкиот судски совет. Знаеме што е Републичкиот судски совет, пирамидата на она што значи искуство, совршенство, стручност, компетентност.

Ме изненадува од екс претседателот на Собранието г. Тито Петковски, дека се сомнева во стручноста и исправноста на предложените можни кандидати и за избор на судии и за разрешување на дадените судии. Сигурно дека оваа недоверба ние во Парламентот мораме да ја разрешиме. Или му веруваме на Републичкиот судски совет принципиелно или не му веруваме.

Постапката да се знае и да се бара недоверба на Републичкиот судски совет. Инаку, ќе остане една отворена загатка која во континуитет ќе не следи на секој предлог од Републичкиот судски совет, ќе се сомневаме.

Јас би го потсетил г. Тито Петковски и пратениците од СДСМ, затоа што јас говорев на оваа говорница на минатиот состав кога се разрешуваше претседателот на судот во Прилеп. Со ни еден збор од оваа говорница не се кажа, ја затворија расправата, немаше ама апсолутно никакво образложение од претставниците од Републичкиот судски совет. Зошто беше разрешен претседателот на судот во Прилеп и денеска остана енигма. Наводно бил од така наречените штедачи во пирамидалната Штедилница ТАТ.

Сега останува прашањето за она што, мене што ми стои како една енигма, разрешувањето на судијата во Кратово. Во времето на СДСМ истата таа г-ѓа беше предложена за претседател на Судот и не помина. Тогаш беше нестручна, сега се предлага за разрешување, па незнам што е сега вистината. Мене како пратеник ми остава една дилема. Тогаш не се избра за претседател на Општинскиот суд во Кратово. Тогаш не добивме одговор зошто не беше избрана судиката во Кратово. Остана одговорот на ова прашање. И, она што останува како енигма за сите нас пратеници, јас секогаш принципиелно гласав и ќе гласам за сите предложени судии од Републичкиот судски совет, затоа што верувам дека таму се најстручни, најкомпетентни луѓе. За нас пратениците треба да расчистиме, или му веруваме на Републичкиот судски совет, или не му веруваме. Да не гласаме за секоја седница да се покрене доверба, па да расчистиме. Она не држи дали е тоа врз политика или не е политика. Ако Парламентот ги бира судиите, ако Парламентот е тој што го избира Републичкиот судски совет, сигурно дека ќе дискутираме за секој избран судија. Не може претседателот на Собранието да не лимитира нас дали ќе дискутираме за еден или друг судија. Тоа право го нема претседателот.

Кога ние буквално ќе имаме независна судска власт, кога ќе избира самиот Републички судски совет, кога ќе имаме независен Буџет, тогаш можеме да зборуваме за независно судство.

Во овие констелации на сиви односи, состојбата е ваква. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Прво, морам да ви кажам дека ниту еден од предложените судии за разрешување лично не познавам, за разлика од многу други тука, кои што се осмелуваат да дадат и лични оценки и квалификации за квалитетот, односно не квалитетот на соодветните судии. Тоа што мене објективно ме загрижува е обидот од страна на поединци, ние помалку информираните да бидеме манипулирани во стилот дека Републичкиот судски совет е чисто стручно тело, кој што исклучиво врз основа на критериумите на стручност,

професионалност и квалитет во работењето предлага именување, избор односно разрешување, а тоа не е така. Одговорно тврдам дека не е така, затоа што не беше така и во минатото, а не е така ни денеска. И, безуспешни се обидите и на морализирање тука пред нас од страна на претседателот на Републичкиот судски совет, дека тие исклучиво се раководат од тие познати и во Уставот на РМ запишани критериуми за стручност и компетентност во вршење на судската функција.

Јас и како пратеник и како човек, навистина би му верувал на претседателот на Републичкиот судски совет дека ја зборува вистината, доколку тој тука денеска, но пред оваа моја дискусија се јавеше и поднесуваше оставка тука. Затоа што, два предлози кои според негово тврдење Републичкиот судски совет ги утврдил врз основа на стручност и компетентност, не му поминаа. Не му поминаа токму од мнозинството, кое што има голема доверба во самиот претседател и во членовите на Републичкиот судски совет, што парламентарното мнозинство ги избрало. Но, тоа е морално прашање, тоа е лично прашање, прашање на дигнитетот и јас тука не можам ништо. Но, останува и понатаму да се сомневаме во критериумите со кои се раководел Републичкиот судски совет при утврдувањето на листата, било кога тоа се работи за избор, било кога се работи за разрешување.

Оттука, мислам дека е добро да се обработи постапката, таа што е обработена со закон и со Уставот во делот за Републичкиот судски совет, постапката на односот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, кон предлозите на Републичкиот судски совет.

Според мое убедување тука нешто не е во ред. Дали Комисијата за прашања на изборите и именувањата има овластување да менува предлог на Републичкиот судски совет да не прифати односно прифати и т.н. и според мое убедување оттука и поради ова доаѓа до недоразбирање, односно до конфликтни ситуации и во самото Собрание. Толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Збор има господин Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека со право буди толку внимание прашањето на предлогот за разрешување, односно именување на нови судии на денешнава седница, од причини што лично сметам дека оваа расправа треба да биде еден јасен сигнал до владиното мнозинство, дека судската власт треба да остане, навистина, независна и политичките влијанија врз таа власт треба да бидат што помали.

Колку и да се обидува претседателот на Републичкиот судски совет да не убедува дека во овие предлози нема доза на пристрасност, политика и такви слични пораки, сепак, останува впечатокот, барем во опозицијата дека оваа една намера, прво, да се средуваат очигледно редовите во судската власт, во редовите на судиите, од причини што оваа власт смета дека судството не и е наклонето.

Второ, владиното мнозинство во спрега со Републичкиот судски совет очигледно сака да упати порака и тоа јасно и гласно до судиите, во предвечерието на локалните избори дека доколку некој од судиите членови на Државната изборна комисија, претседатели на изборните комисии ќе се дрзне евентуално непристрасно да донесе одлука да ги признае или поништи резултатите од изборите, дека еден ден ќе биде на списокот на Републичкиот судски совет и ќе ја доживее судбината на овие што денес се на тапет. Зошто Републичкиот судски совет баш во моментот кога денес се формираат изборните комисии на изборните единици, се осудува пред Собранието да отвори ваква расправа. Зарем не можеше да чека месец или два да завршат изборите и оваа постапка тогаш да ја покрене и врз основа на аргументи овде да расправаме, туку денес тоа било неопходно. Поставувам прашање колку пати досега на слична постапка се осудувал Републичкиот судски совет да се посегне.

Трето, апсолутно најмалку може да се повикува на стручност и оценка на стручноста, иако за жал, согласно уставот, тоа е надлежност на овој Републички судски совет, од причина што Владиното мнозинство при изгласување на Републичкиот судски совет се осуди да ни постави членови на Републичкиот судски совет луѓе кои ни еден ден немале практика во судството. За каква стручност и кои се тие луѓе, кои можат да бараат стручност кога самите апсолутно со ништо тоа не го докажале.

Четврто, зарем навистина мисли Републичкиот судски совет дека ќе не убеди дека е непристрасен во предлозите, кога тој Републички судски совет се осмелил да одбие кандидатури за претседатели на апелациони судови, и покрај фактот што одредени личности имаа апсолутна

поддршка на судовите, каде што тие треба да се бираат, имаа поддршка и позитивно мислење од Врховниот суд, а Републичкиот судски совет имаше поинакво мислење, и така беше постапено. Врз основа на што ги темелеше аргументите Републичкиот судски совет кога поднесе такви предлози. Врз основа на кои аргументи денес да му веруваме и да ги поддржиме предлозите.

Ние сме свесни дека владиното мнозинство денес тоа ќе го направи и тоа ќе биде недвосмислена порака до судиите, но како опозиција наше е да упатиме исто така јасна порака до Владиното мнозинство дека апсолутно нема да се согласиме со вакви постапки и оваа најава на расчистување и пресметување со судиите ќе наиде на огромно незадоволство не само во редовите на судиите туку и меѓу поширокото граѓанско.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван претседател на Владата, почитувани министри и колеги пратеници, сето ова што го слушаме од опозицијата тие го зборуваат од искуство, кажуваат како тие работеле. Тоа треба да не загрижи. Замислете, што правеле, а сакаат да ни го ампутираат на нас. Мене ме загрижува и односот спрема судскиот совет, нивни, сега, со овие дискусии сакаат ли да извршат политичко влијание или психолошки притисок врз нив, дали ние ќе прифатиме некое разрешување или именување на некој судија тоа е работа на Парламентот. Таа е работа на Парламентот од причина што законот така го регулирал тоа, а тој закон тие го донеле, тие така пропишале така сега ние да работиме. Кога ќе се измени тој закон, кога ќе дојде нов закон тогаш ќе постапуваме по него. Сметам, дека не треба да дозволиме Парламентот да се инволвира во сите овие игри. Тоа е игра неубава, валкана, со која се сака да се направи еве, како не умее да работи Парламентот, како лошо работи и како ги политизира работите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Дополнително за збор се јави г-динот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Сакам да поставам едно принципиелно прашање за односот на Републичкиот судски совет и Собранието, без оглед на партиската припадност, не само во овој состав туку и порано.

Кога станува збор или станувало збор за избор на судии посебно била драстична сликата по ова Собрание, кога немаше ваков систем на гласање, туку беше со креваше на рака. Еден голем контраст и голема да речам неправда и не воедначеност во начинот на решавањето на Републичкиот судски совет, членовите на Републичкиот судски совет и Парламентот. Колку што знам порано, ако е сега исто така не мора да ми се одговара, ако е поинаку, нека се каже, Републичкиот судски совет порано знам дека јавно расправаше меѓу себе, меѓутоа, седуммина беа а тајно одлучуваа и никој не знаеше кој за кого гласал. Предлогот на Собранието доаѓаше на пример со 4:3, 5:2 и т.н. Овде пратениците без оглед на партиската припадност со кревање рака секој од свои причини, некогаш или повеќепати оправдани или неоправдани секогаш имало по некоја причина, но не секогаш без транспарентност од работата на Републичкиот судски совет. Истото сега пак се повторува. Мислам дека, иако не гласаме со кревање на рака, со тоа што сигурно болно беше и денес за оние двајца судии кои не беа избрани од парламентот, иако судскиот совет ги предлага, ако се знаат имињата на оние кои биле "за" и ако имало некој "против", тогаш сме еднакви во одлучувањето. Инаку, одговорноста на Собранието и на Парламентот, на пратениците е многу поголема отколку што е на судскиот совет, ако тие тајно одлучуваат, бидејќи овде листингот после секое гласање излегува и шета тука, сигурно листингот излегува и од оваа зграда и се знае и се памти кој пратеник, која пратеничка група гласала за одреден судија за, а ко]а против. Мислам дека и на оваа релација треба да се размисли малку продлабочено и компетентните - јас не сум правник - да извлечат една споредба меѓу одговорноста, да не мислат некои дека Парламентот не е одговорен, туку овде е одговорен секој поединец без оглед на партиската припадност. Така бев побуден од претходната дискусија што премногу сакаше да ја прифаќа ситуацијата политизирана, партизирана и т.н. Сметам дека тука треба на оваа релација да се подзамислиме малку сите пратеници, без оглед на партиската припадност, каков е нашиот однос и нашата одговорност пред целата јавност во Македонија, а каква е состојбата во Републичкиот судски совет. Ако и понатаму тие јавно меѓу себе дискутираат, а тајно одлучуваат, тогаш секоја им чест што од нас бараат листинг после секое гласање кој како се изјаснил.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Стојан, само за информација, одлуките Судскиот совет ги донесува со тајно гласање и според тоа не може да се знае кој за што гласал.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

(Без уклучен микрофон).

Во Законот пишува?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во деловникот тоа го направиле.

Има збор г-динот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, иако немав намера да се јавам за збор, но секоја дискусија носи ново размислување и во прилог на претходните дискутанти би сакал да дадам свој придонес.

Јас како пратеник во Републичкото Собрание, би сакал понатаму да си ја олеснам работата и да ми биде чиста совеста за оние луѓе кои ги гласаме и за оние луѓе кои ги разрешуваме, бидејќи одлучуваме за живот, за егзистенција на луѓе и фамилии. Затоа, да не размислувам партиски или да не размислувам на која национална припадност припаѓа би саскал во наредниот период да добијам, барем ако не можеме тајно овде да зборуваме, за негативностите за поединци кои учествувале во судската власт и кои ја делеле правдата со години и децении, барем во нашиот плик да добијам податоци за оние кои ги разрешуваме зошто ги разрешуваме, а тие податоци со чиста совест без да ги копираме ќе ги вратиме. Не сакам да одлучувам за животната егзистенција и судбината на некого да му ја влошувам, ако веќе не можам да му ја подобрам, па затоа би го замолил Републичкиот судски совет, доколку држи место, тоа да го прави во практика, доколку не, не мора да ми се одговори, не мора да ми се даде. Јас лично денес сите судии кои беа предложени од Републичкиот судски совет ги поддржав и без разлика дали имам или немам податоци, во најголем дел верував во професионалноста, стручноста и добрите намери на сите членови на судскиот совет. Незнам дали брои седум или девет, но еве го и образложението на претседателот на Републичкиот судски совет.

Денес констатирав и тоа морав да го кажам, во спортот има еден термин, кога сум бил активен спортист и спортски работник во борењето, денес господине претседателе, на Републичкиот судски совет со парламентарното мнозинство вас ве тушира. Туш значи пораз, а оној што го дава тушот е победник. Ние денес Републичкиот судски совет го туширавме затоа што еден судија - ниту ги знам, ниту сум контактирал, ниту сум имал некакви контакти и колку што се сеќавам кандидатот за претседател на Апелациониот суд - Штип, вие со целата совест рековте дека добро сте размислувале, но ние не ви верувавме. Ве победивме денес. Дали сме ние како парламентарно мнозинство во право или вие сте во право. За да не се случува тоа во наредниот период, ве молам сакам аргументирано, писмено во плик да добивам. Не сакам координаторот, шефот на пратеничката група на мене како припадник на СДСМ без аргументи да ми каже предлогот за овој судија подржи го, за овој не го поддржувај. Во наредниот период тоа нема да го прифатам. Републичкиот судски совет доколку има такви аргументи и писмено образложение ќе му верувам. Да не се доведеме во состојба, тоа што го рече колегата пратеник Зибери, ова сега што го правиме да биде една забава, едно предухитрување на останатите судии кои може би, дел од нив, ќе бидат предмет на расправа. Нека бидат, но оние кои се несовесни, кои не ја делат добро правдата.

Затоа, апелирам во наредниот период да не се доведе во непријатна ситуација како денес што се доведе Републичкиот судски совет на тајно гласање, два негови предлози со целата негова совест и стручност што ги предложи да не ги прифатиме. Тоа е судијата и кандидат за претседател на Апелациониот суд во Штип. Благодарам.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Реплика имам, бидејќи ме спомна колегата Чифлиганец.

Јас незнам кога сум се обратил на колегата Чифлиганец и да му кажувам како да гласа за овој судија или за оној судија. Лапсус направи или што?

(Објаснување од некои пратеници дека тоа не се однесуваше на него).

Се извинувам ако е така.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Љубомир Поповски.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас не сум завршил. Бидејќи тој официјална редовна седница на Собранието на РМ, бидејќи пратениците, луѓето што ќе кажат тоа е барем она што не е на друго место, тоа се однесуваше на координаторот

на пратеничката група на СДСМ, не се однесуваше господине Краљевски на вас.

(Пратеникот Наќе Стојановски бара збор процедурално).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На што се однесува процедуралното прашање?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Потпретседателе, јас ве молам да се држиме на точката на дневен ред. Колку што имав увид во работата на Собранието, ние расправаме по точката што е доставена, Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје број 21. Ако е таа точка, овој предлог е изготвен од Судскиот совет врз барање на судијата и сите дискусии по оваа точка од дневниот ред мислам дека се депласирани. Вие сте должни потпретседателе да се држите до точката на дневен ред. Значи, излегуваат од контекст, затоа што имаме материјал дека овој судија, претседател на суд бара по лично негово барање да биде разрешен. И така е изграден предлогот на Судскиот совет. Депласирана е секаква дискусија надвор од контекстот на неговото барање. Има точки кои следуваат после тоа од дневниот ред, но кои ги утврдивме како посебни точки на дневниот ред. Мислам дека е многу непријатно за луѓето, конкретно за г-динот Стојанов за кој сега расправаме, целата дискусија да се однесува на точка број 21, при што предмет на разгледување е неговото барање за разрешување од судија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие се јавувате токму кога се постави ова прашање за разрешување на колегата Стојанов. Вие се јавувате за дискусија, вие одлучувате дали ќе говорите или не. Јас навистина чекав, бев упорен и имав доблест да ве слушам. Штом сфативте дека треба така да оди, тогаш јас ви предлагам да одиме на гласање.

Има предлог од Судскиот совет и од Комисијата за избори и именувања да се разреши од функција судија на Апелационен суд Никола Стојанов по негово барање.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Од вкупно присутни 86, 83 пратеници гласале од кои 79 "за", 3 "воздржани" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието го разреши Никола Стојанов од функцијата судија на Апелациониот суд - Скопје.

Преминуваме на 22-та точка - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 85 пратеници, 83 пратеници гласале, од кои 78 "за", 4 "воздржани" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието го разреши Васил Насев од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Минуваме на точка 23 од дневниот ред - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кратово.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од вкупно 84 пратеници, гласале 72, 64 пратеници гласаа за, 4 против и 4 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја разреши Лилјана Саздова - Михајловска од функцијата судија на Основниот суд во Кратово.

Минуваме на точка 24 - Предлог за резрешување на судија на Основниот суд во Тетово.

Предлогот за разрешување и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Од вкупно 86 пратеници, гласале 77, 63 пратеници гласале за, 4 воздржани и 10 против.

Констатирам дека Борко Спасеновски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Тетово.

Минуваме на 25-та точка - Предлози за разрешување на судии на Основниот суд во Кавадарци.

Предлозите за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Процедурално г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, во оваа 25-та точка од дневниот ред имате две разрешувања.

Собранието треба да утврди прво за кое разрешување се расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Наќе Стојановски, од исти судија, предлог е за двајцата, а ќе се одлучува за секој поодделно.

Отворам претрес по Предлогот за Тодор Митров, за разрешување од функција судија.

Има збор пратеникот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, начинот на кој се води оваа седница по однос на разрешувањето зборува за целата несериозност со која овој Парламент расправа поконкретно за овие прашања и воопшто за третата судска власт во РМ. Зарем треба да се дежура процедурално, по секое прашање да знае Парламентот за што се расправа. Ако се кршат основните процедурални правила на работа на Парламентот, од тука последователно наназад и сите други отстапувања по однос на расправата на оваа материја. Ние на пример по точката 21 - Предлог за разрешување на судијата на Апелациониот суд во Скопје и Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола, точка 22, имавме две барања по лично барање на судиите Стојанов и Насев, сега веќе разрешени, а четири часа расправаме за неправилностите во работењето, конкретно дури имавме излагање на претседателот на Републичкиот судски совет, заправо со претходно оградување во однос на нив, но по самата точка на разрешување на судијата на Апелациониот суд, г-динот Стојанов, што за јавноста, прво за пратениците, а после и за јавноста не беше доволно јасно за што всушност се работи. Е, сега, кога ги имаме овие наредни точки на дневен ред што двете претходно ги апсолвиравме и оваа последнава точка сега за разрешување на двајца судии од Основниот суд од Кавадарци, јас сакам да кажам неколку збора.

Мислам дека имам морално право тоа да го направам, затоа што своевремено после конституирањето на Републичкиот судски совет како претседател на Комисијата за избори и именување, го покренав прашањето во врска со градењето на мислењата и ставовите на Комисијата за избори и именување виза ви предлозите на Републичкиот судски совет. Комисијата во минатиот состав за избори и именување целосно застана на ставот, дека е потребно нужно образложение на предлозите од Републичкиот судски совет пред Комисијата за прашањата на избори и именување, за да се изградат релевантни ставови и да се презентираат пред пратениците во Собранието, кои ја носат одлуката, за кои овде многу од пратениците денес, без разлика од пратеничките групи, зборуваа дека немаа совест или ќе имаат нечиста совест ако дигнат ваква или таква рака, за разрешување, против разрешување или да бидат воздржани. Но, за жал, тогаш таквиот став на комисијата беше протолкуван како ревизија на уставните одредби и како ревизија на Предлог - одлуките на Републичкиот судски совет и дека комисијата и тогашниот претседател на комисијата бараат положба, која не и припаѓа согласно Уставот. Иако, одлуките се носат за именување или за разрешуваше, како што е и случај денес во Собранието и тежината на одлуките паѓа на пратениците. Некои тоа ќе го толкуваат на ваков начин, некои ќе го толкуваат на таков начин. Господинот претседател на Собранието денеска го толкуваше како недостаток на Уставот на РМ и т.н., зависи кој од која позиција го гледа тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Наќе, говорете за процедурална работа, а не како работела вашата Комисија кога си ја водел.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не се јавив за процедурална работа, потпретседателе туку се јавив за збор по точката од дневниот ред. Дали може да продолжам?

Овие нејаснотии по однос на овие предлози произлегуваат и барањата од добар дел на пратениците од притисокот кој се врши долгорочно, а најмногу изразен последната една година врз основа на

третата судска власт и на судиите поединечно.

Републичкиот судски совет за кој не сакам да судам во оваа прилика, ниту е место, ќе мора нужно да се позагрижи за таквата состојба, која на некој начин не прејудицира во јавноста, еве веќе една цела година. Ако сакате можам да почнам од почеток или ако сакате можам да почнам од крајот. Земете го најновиот број на "Глас" весникот на ВМРО-ДПМНЕ и внимателно прочитајте го интервјуто на г-ѓата Доста Димовска, или госпоѓица, се извинувам, каде што јасно и гласно кажува дека е нужна промена на судиите во третата судска власт и дека тие припаѓаат на сосема друга гарнитура и дека поврзано со денешните предлози за разрешување, за кои јас верувам, пошто беа кажани на оваа говорница од претседателот на Републичкиот судски совет, дека држат и за поздравување е еден таков приод на Републичкиот судски совет. Но, зошто таква темница четири саати да се расправаме дали постојат конкретни причини за тоа или не постојат конкретни причини. А, примерот во врска со изјавите на највисоките функционери во Владата на РМ, во врска со незадоволството од функционирањето на судската власт од причини што тие припаѓаат на сосема друга власт, можат да се набројат целосно низ еден подолг период. И тоа, изразени се перманентно пред целата 1999 година и се елаборирани во дневниот печат на 16 и 17 октомври 1999 година преку написот, "Притисоците се инцидентни случаи". Во "Нова Македонија" од 20 октомври 1999 година, "Владин весник, став на Владата на РМ со аманет од 61 пратеник од СДСМ до доживотна функција", весникот "Денес" од 21 октомври 1999 год.

"Молчењето не е знак на храброст, туку на страв" "Нова Македонија" од 21 октомври 1999 г., "Побарана смена на судијата Прчевски". "Македонија денес" од 22 октомври 1999 г. "Власта крои нови (црвени) тоги за судиите". Весникот "Вечер" од 23 ноември 1999 г, ˝Битолската пирамида стигна до Врховниот суд". Весникот "Дневник" од 29 октомври 1999 г., "Групата за апсење на Пане Велев малтретирала полициски началник и го притискал обвинителот". Неделникот "Старт" од 5 ноември 1999 г,. на кумановски "Упуцајте га ни пет минута неќе легати у затвор". "Утрински весник" од 16 ноември 1999 г., "Изборите задоволувачки со многу прекршувања на законот". "Дневник" од 23 ноември 1999 г., "Европската Унија сака изборниот процес да заврши што поскоро, макар и со кршење на законот". Изјава на претседателот на Врховниот суд на РМ од 23 ноември 1999 г., "Очекува максимална објективност и независност на судиите". Напис во "Утрински весник" од 23 ноември 1999 г., "Европската Унија за изборите во Македонија".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Наќе Стојановски, што има врска ова со колегата за разрешување. Ако сакате да читате весници, одете во читална.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали можам да продолжам г-дине потпретседателе?

"....160.895 повторно ќе гласаат", "Дневник" од 29 ноември 1999 г., "Врховниот суд ги пречекори овластувањата", "Министерството за правда дало лажни податоци". ˝Нова Македонија", "Враќање на довербата во правна држава", 30 ноември 1999 г., "По инструкциите на Камбовски, одлуките експресно се штанцовале". Истиот весник истиот ден "Барање за изземање". "Нова Македонија" 1 декември 1999 г., "По барање за оставка на Камбовски алтернативците ја напуштија седницата". "Нова Македонија" од 2 декември 1999 г., "Специјално читање на законите во корист на СДСМ". "Нова Македонија" од 3 декември 1999 г., "Врховна политичка арбитража". Од 3 декември 1999 г., "Атака врз независноста и дигнитетот на судот". "Нова Македонија" од 4-5 двоброј декември 1999 г., "Национален интерес е на Албанците да гласаат за Борис Трајковски". 4-5 декември 1999 г., "ДПА изборите влегуваат во драматична фаза". "Дневник" од 9 декември 1999 г., "Што рече Тешеира за А1" - "Македонија нема консолидирана демократија". "Битка за спас на државата", само насловот и почетните редови во истиот весник. "Утрински весник" од 21 декември 1999 г., "Шанса за партиско инфилтрирање во судството". Истиот ден "Полициски пуч во Велес", најава во насловната страница без приложен текст. "Узурпирана приватност˝, најава и коментар во истиот весник со иста дата. Иста дата во истиот број "Операција Топилница".

Во истиот дневен број "Акционерите го уриваат концептот на Владата", изјава на премиерот Георгиевски најавена на насловната страница на истиот весник. "Македонија денес", "Убиството на правната држава".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Наќе, ќе ја продолжиме седницата до полноќ, ако вака продолжите.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали можам да продолжам г-дине потпретседателе?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Можете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Истиот весник од иста дата "За грст денари". Истиот весник од истиот ден "Премиерот соучесник во апсењето во Велес". "Утрински весник" од 22 декември 1999 г., со два наслови "Новинар на Отстрел и Тешеира ги ослободи новинарите". Друг наслов "Македонија под посебна контрола на ЕУ". И, само ако дел од овие наслови што ги прочитав се само дел од присутноста од секојдневната присутност во јавноста во РМ, во тек на една година за состојбите врз судството и судиите, што е тогаш чудно ако пратениците за прв пат во овој Парламент и сосема по банален повод, по процедура предвидена со Уставот и законите на РМ за разрешување на некои судии во процедура, побараат тие предлози да бидат аргументирани пред Собранието или барем пред комисијата.

А, на кое друго место би можело да се побара заштита, ако секојдневно во една година ни се презентирани грст аргументации во јавноста за ваквите настани.

Затоа е нужно да се одделат посебно секој случај и аргументирано да се пристапи без никакви мистификации или двосмислености или цинизми, дека ќе ги повредиме судиите ако расправаме овде по некои прашања кои се утврдени во процедурата. Ма, немојте, ве молам. Ако има аргументација и ако Судскиот совет конкретно за случаевите кои се на дневен ред, утврдил аргументи за нивно нестручно и несовесно работење, тогаш е овде местото каде треба да се расправа. Никако во интервјуата што ги даваме на одговорните луѓе од власта мислам, во медиумите или на конференциите за печат, дека судството ни е такво или вакво итн. Овде е вистинското место каде треба со аргументација да се соочиме за секој судија што сме го избрале. Но, аргументите се првични и единствени кои треба да бидат презентирани. Инаку, како сакате да се исполни уставната одредба пратениците да гласаат по совест ако при тоа немаат аргументација.

Дозволете ми господине потпретседател ако ја имате само вие и евентуално неколку души околу вас, а другите пратеници од вашата пратеничка група ви веруваат на чесен збор дека е тоа така.

Јас мислам дека од тие причини, јас и претходно гласав воздржан за двата предлози, затоа што немам аргументација како пратеник до овој момент не ми е презентирана иако секојдневно добиваме, овде беа кажани од предлагачот, од претседателот на Судскиот совет, но не беа поименично за никого и сега се однесуваат за сите седум души кои се денеска на дневен ред. Неосновано се налепени на луѓе кои немаат врска со тоа, затоа што имаат побарано разрешување по нивна волја, по сопствена волја и тоа било во ред општо да се каже за сите, а не било во ред поединечно да се каже дека овој ја има направено таа и таа грешка.

Беа изнесени примери кои, ако се врзат конкретно за одредени личности, воопшто држат да бидат тие разрешени. Во тој случај треба да му се честита на Републичкиот судски совет, дека совесно си ја вршеле работата, барем тој, но треба конкретно да се врзе за личностите, а не да се врзе за сите седум, да им се врзат ѕвонци, да простите.

Јас до овој момент, да ви кажам, ниту за овие претходни двајца, за кои предлага Судскиот совет, ниту за овие двајца за кои сега расправаме, нема да гласам ниту за, ниту против, ќе бидат воздржан, немам конкретна аргументација да можам по совест да дигнам рака, да ги разрешам луѓето. Можеби правам и грешка, свесен сум за тоа, можеби има аргументација, но љубоморно ја чуваа оние кои ја прибрале таа аргументација. Нешто фали во постапката. Или ние се потценуваме овде како пратеници, или е во прашање некоја друга причина, за која јас во овој момент не можам ни да ја претпоставам.

Оттаму мојот став ќе биде воздржан, доколку во расправата по ова мое излагање не слушнам конкретно дека за овој човек сега што расправаме е врзан таков и таков аргумент, за кој слободно ќе дигнам две раце и не се срамам тоа да го направам, затоа што сум ја зел таа обврска, Уставот ни го дава тоа право, сум се нафатил кога сум се кандидирал како пратеник, дека овде ќе дигам рака и во случаите кога на мнозинството граѓани не им се допаѓа тоа. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам и јас господине Стојановски.

Процедурално госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, жал ми е што ова морам да го кажам, меѓутоа, ние сега имавме еден, како што велат во образованието, нагледно средство како се нарушува достоинството и угледот на ова Собрание. Зошто го зборувам ова вака.

Имаме конкретна точка на дневниот ред, имавме можност да слушнеме библиографски податоци за весници, меѓу другото имавме можност да слушнеме дека одредени весници, кои се за партиско членство на ВМРО-ДПМНЕ се читани од страна на опозицијата, што е добро, меѓутоа, не е предмет на расправа на овој Парламент и имавме можност да слушнеме една поголема библиографија, незнам со која цел и во кој правец ја водеше дискусијата претходниот пратеник.

Ве молам, како потпретседател, не, нема потреба да ми објасни, беше очигледен примерот како треба да се наруши достоинството. Верувајте сите овде што седиме им должиме нужен респект на сите оние судии, кои тука ги разрешуваме и именуваме, меѓутоа, сигурно не со вакви дискусии.

Прво, господинот кој е предложен за разрешување од Кавадарци, доколку претходниот дискутант имаше аргументи за кои вели дека не треба да биде разрешен, требаше истите да ги каже. Ако не располага со нив, бидејќи претходно се договоривме, а тоа беше веќе консензус да се оди на Комисијата за избори и именувања, тоа не го направи СДСМ, тогаш не гледам причина за растегнување на една ваква демагошка расправа или сакате или не сакате да ги слушните аргументите. Ако не сакате, дозволете Собранието да си ја врши онаа работа за која пратениците се платени. Ако почнеме да читаме извадоци од весници во кои некој сакал да каже нешто, па останал недоречен или станал предмет на разни интерпретации, тогаш сите овде ќе извадиме весници, ова нема да личи на Собрание. Јас ве молам да ја водите расправата онака како што треба и ве замолувам дискусијата да тече во саканиот правец, со цел да ги донесеме оние проекти за кои сме тука денеска. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам госпоѓо Марковска, меѓутоа, секој пратеник избира што сака да зборува.

За што се јавува господинот Наќе Стојановски?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика господине потпретседател.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете, иако беше генерално, говорете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, ако вие сметате дека било генерално и ако нема потреба, јас се повлекувам. Ја прифаќам вашата сугестија, дека секој пратеник има право да зборува. Јавноста е таа нека цени што се случува, но јас сепак би кажал нешто за колешката. По внимателно да слушаше, очигледно таа не ме слушала добро, дали е проблем на слушните органи после капењето во Мртвото Море или е тоа навика да импутира на други, незнам. Јас ниту го поддржав конкретниот кандидат, ниту го дерогирам, туку три пати нагласив дека ќе бидам воздржан, затоа што немам аргументи и недостасуваат аргументи и барам аргументи, ако има расправа да се истакнат овде и ако некој од аргументите, повторувам, претседателот на Судскиот совет што ги изнесе во општа форма за судии воопшто што прават вака или онака се врзани за овој човек, јас барав да се изнесат и тоа го поддржувам и поздравувам. Но, до овој момент немаме конкретни аргументи за овој човек. Еве и од Комисијата за избори и именувања ако има такви, нека бидат изнесени. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И јас ви благодарам.

Збор бара господинот Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, една работа во дискусијата на господинот Наќе Стојановски ми се бендиса, а тоа е обидот да се дискутира на одредени принципиелни основи. Беше кажано доколку се знаат фактите зошто овој или оној судија се разрешува, тогаш би гласал, тоа е така, бидејќи работата на судиите е јавна и на некој начин треба и јавноста да знае. Меѓутоа, еве на почетокот на дискусијата дискутиравме и ние добивме такви информации, вие како пратеничка група проблемот е во вас, зошто не ви биле пренесени тие информации. Сакате

конкретниот човек со конкретното име пред вкупната јавност, јас не сум правник дури и со тоа би се согласил, но правниците велат дека тоа е повреда на индивидуитетот на еден човек што бил судија.

Инаку, конкретни податоци за конкретна личност има, тоа беше кажано и на Комисијата за избори и именување, исто така беше кажано и на координација на нашата пратеничка група и било сугерирано да биде така направено и на другите. Значи недостатокот на информација не е проблеми нити тука, ниту во претседателството, ниту во водењето на седницата. Недостатокот на информацијата е проблем таму во вашата пратеничка група, незнам зошто не сте ја добиле. Арно, ама дека има факти и податоци - има, не би се сомневале, што мислите вие зарем еден Републички судски совет би донесол таква одлука без факти? Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам и на вас.

Господинот Наќе реплика.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас навистина најучтиво го молам колегата Глигороски, ако ги има за конкретниот кандидат за кој дискутираме да бидат изнесени само два факти од тие што ги кажа претседателот на Републичкиот судски совет. Навистина, јас незнам дали е проблем до пратенички групи, дали е проблем до пратеници, јас ги немам тие до овој момент како пратеник и сум онеправдан и реагирам и навистина доколку некој пратеник ги има, еве господинот Глигороски призна дека ги има, па нека ги изнесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Наќе, и ти и јас сме виновници за оваа работа. Тој Закон за судскиот совет ние двајца го гласавме.

Зошто наоѓаме недостатоци на овие луѓе кои не гласале за тој закон.

Господинот Никола Поповски, ако се јавува за збор нека повели.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, би сакал да се јавам за дискусија иако ветив дека нема да дискутирам доколку од претседателот на Судскиот совет слушнеме макар еден аргумент кој ќе го уважиме.

Меѓутоа, пред да дискутирам сакам вас господине потпретседател процедурално да ве прашам, вие како и мене вчера бевме на покана на господинот претседател заедно на еден состанок, на кој ни се кажа дека денес, утре и задутре ќе работиме со темпо кое подразбира од 11,00 до 18,30 часот.

Сите ние тоа го прифативме, претпоставувам дека и другите, меѓутоа, пратениците од мојата пратеничка група го планираат својот работен ден врз основа на исказите кои јас им ги давам од вашата координација. Сега поминува 18,30 часот вие не ја прекинувате седницата, а очигледно дека ќе имаме многу расправа по овие точки и по другите, сосема е небитно.

Прво, ме доведувате мене во ситуација, дека она што јас го кажувам од вас, пратеничката група го добива како сознание и после не се почитува и испаѓам јас виновен. Тоа само не навлекува во ситуација во која јас веќе нема да доаѓам на тие координации и да се усогласувам, затоа што ништо од тоа не се почитува. Сите сме во изборна процедура за локални избори, сите знаеме дека овие 120 луѓе овде се партиски припадници, кои имаат процедура за локалните избори и си го планирале времето навечер за тие активности.

Ако вие инсистирате да продолжиме, се разбира ние ќе продолжиме со работа, затоа што вие за тоа одлучувате, сакав само да ве потсетам да не се доведуваме во непријатни ситуации и да го губиме авторитетот тие што учествуваме на координација.

Ако мислите седницата да продолжи, јас сакам да дискутирам, ако мислите дека треба да се прекине, јас нема да дискутирам, се разбира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Поповски, дали сега имате за цел, јас ова што го говорите го почитувам до крај, меѓутоа, требаше да се договорите и со Наќе Стојановски да не чита весници овде.

Ако во вашата група имало договорено дека вака ќе се продолжува времето, зошто не терате ние да го злоупотребуваме.

Јас го одржувам зборот, треба да ја завршиме само оваа точка, а дали ќе гласаме за разрешување на овој колега или не, додека не се избројат гласовите тој е сеуште судија, разберете една работа.

А ако барате збор за дискусија, појаснување, незнам дали треба да го правиме тоа. Рековме дека не треба да се изнесуваат тие работи, ако сака да си оди, Собранието ќе одлучи со одлука, ќе затвориме, повелете Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам дека се обидувате да го замаглите моето есенцијално прашање.

Расправа по дневен ред кој вие го дополнувате и Владата секој ден со по три нови точки, од кои многу се значајни, очигледно дека ќе има. По точка 24 или по точка еден, оваа седница во 18,30 часот мораше да се прекине.

Ако ја прекинувате, мислам дека е фер како однос кон координаторите кои преземаме обврски кон нашите пратеници, кои си го планираат времето, сметајќи дека во 18,30 часот овие обврски завршуваат, имаме и други обврски, тогаш јас ќе почитувам, а ако не ја прекинувате, немам избор, отколку да продолжам со дискусија.

Меѓутоа, моето учество на тие координации навистина не знам за што служат, ако ни еден договор не се почитува и јас ги доведувам во заблуда пратениците со моите информации.

На тој начин не можам да ја вршам улогата на координатор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Покрај други работи има и разбирање, меѓутоа, господине Карангелески за што се јавувате, дали во името на пратеничката група? Повелете.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Бидејќи спрема вчерашниот договор 10-12 минути го пречекоривме времето, се согласувам дека е заради подолгата дискусија на претходниот дискутант, односно не е координаторот на пратеничката група, туку господинот Стојановски.

Нема проблем околу 10 минути, едноставно во името на пратеничката група морам да изјавам дека и ние исто така имаме обврски, бидејќи го планиравме времето со оглед на договорот од вчера. И ние исто бараме сега да се прекине седницата, а утре во точно време да ја продолжиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, со оглед дека двајца координатори (негодување во салата).

Ве молам, (од место господинот Ѓорѓи Котевски бара збор).

Ве молам господине Ѓорѓи седнете си на место, кога ќе добиете збор (господинот Ѓорѓи е упорен сака да зборува).

Господа пратеници, ја прекинувам седницата, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,45 часот).